# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Април 2023
Prill 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1020 СКОПЈЕ



Почитувани,

Во април, ЗЕЛС реализираше низа активности. Април е и месецот кога ЗЕЛС го прославува својот роденден, а оваа 2023 година, на 26 април, ЗЕЛС го одбележа педесет и првиот роденден. Управниот одбор на ЗЕЛС, на 4 април 2023 година, ја одржа 16-тата седница. На покана на потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадиновски, седницата беше одржана во административната зграда на Општина Валандово. На оваа седница, Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифати содржината на новиот Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ. Членовите на УО ги разгледаа и забелешките од советниците и инспекторите за образование за предлог-формула за распределба на блок дотациите за основно образование, кои беа прифатени и испратени до МОН и до УНИЦЕФ. Разгледани беа и забелешките што ги утврди Мрежата за општински инспектори за сообраќај при ЗЕЛС во однос на Предлогот за измени на Законот за превоз во патниот сообраќај. Пред членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС беше изнесена иницијативата на Општина Центар, а доставена до ЗЕЛС, за справување со дивоградбите преку конфискација на овие нелегално изградени објекти. Иницијативата ја образложи градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски, кој нагласи дека сите општини, вклучително и неговата, се соочуваат со бројни вакви објекти, кои по законски спроведената процедура за запирање на постапката за натамошно градба, тие со години ја нарушуваат естетиката на просторот и претставуваат места на кои се одвиваат одредени незаконски дејствија.

„Како до меѓународен BFC SEE-сертификат“ беше насловот на информативната сесија што ја организираше ЗЕЛС на 19 април 2023 година, во административните простории, а на која беа поканети секретарите на општините и претставници од одделенијата за локален економски развој. Присутните беа запознаени дека сите заинтересирани општини имаат можност да се вклучат во меѓународната BFC SEE-програма за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE).

ЗЕЛС беше домаќин на претставници од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ), германската сојузна покраина Северна Рајна-Вестфалија, од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и од Агенцијата за услужни заедници во еден свет (SKEW). Целта на оваа средба, иницирана од страна на гостите, беше поттикнување на вмрежување, односно збратимување и воспоставување на понатамошна соработка на општините од нашата земја со општини од Северна Рајна-Вестфалија, од Западна Германија.

За овие и други информации подетално ќе прочитате во априлскиот број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në prill, BNJVL realizoi një varg aktivitetesh. Prilli është edhe muaji kur BNJVL kremton ditëlindjen, ndërsa këtë vit 2023, më 26 prill, BNJVL shënoi ditëlindjen e pesëdhjetë e një. Bordi drejtues i BNJVL-së, më 4 prill 2023, mbajti seancën e 16-të. Në ftesë të nënkryetarit të BNJVL-së, Pero Kostadinovski, seanca u mbajt në ndërtesën administrative të Vallandovës. Në këtë seancë, Bordi drejtues i BNJVL-së pranoi përmbajtjen e Memorandumit të ri për bashkëpunim midisi BNJVL-së dhe Qeverisë të RMV. Anëtarët e Bordit drejtues shqyrtuan edhe vërejtjet nga këshilltarët dhe inspektorët për arsim lidhur me propozim-formulën për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsim fillor, që u pranuan dhe u dërguan në MASH dhe në UNICEF. U shqyrtuan edhe vërejtjet që i përcaktoi Rrjeti për inspektorët komunalë për komunikacionin rrugor. Para anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së u paraqit iniciativa e komunës Qendër, ndërsa u parashtrua në BNJVL, lidhur me menaxhimin me objektet e ndërtuara pa leje përmes konfiskimit të ndërtimeve të ndërtuara në mënyrë ilegale. Iniciativën në fjalë e arsyetoi kryetari i komunës Qendër, Goran Gerasimovski, i cili theksoi se të gjitha komunat, përfshirë edhe komuna e tij, ballafaqohen me objektet e këtilla të shumta, të cilat në bazë të procedurës së zbatuar ligjërisht për parandalimin e procedurës për ndërtim të mëtejmë, të njëjtat me vite të tëra prishin estetikën e hapësirës dhe paraqesin vende në të cilat zhvillojnë veprime të paligjshme.

„Si të arrihet drejt certifikatës ndërkombëtare BFC SEE” ishte titulli i sesionit informativ që e organizon BNJVL më 19 prill 2023, në ndërtesën administrative, ndërsa në të cilën u ftuan sekretarët e komunave dhe përfaqësuesit e sektorëve për zhvillimin ekonomik lokal. Të pranishmit u informuan se të gjitha komunat e interesuara kanë mundësi të përfshihen në programin ndërkombëtar BFC SEE lidhur me certfikimin e qyteteve dhe komunave me ambient të favorshëm të biznesit në Evropën Juglindore (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE).

BNJVL ishte nikoqir i përfaqësuesve nga Ministria Federale e Gjermanisë për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ), krahina federale gjermane Rajna-Vestfalia Veriore, nga Shoqëria Gjermane për bashkëpunim ndërkombëtar dhe nga Agjencia për bashkësi shërbyese në një botë (SKEW). Qëllimi i këtij takimi, u iniciua nga ana e mysafirëve, u nxit rrjetëzimi, respektivisht binjakëzimi dhe themelimi i bashkëpunimit të mëtejmë të komunave nga vendi jonë, me komunat nga Rajna-Vestfalia Veriore, nga Gjermania Perëndimore.

Lidhur me këto informacione të lartpërmendura si dhe për shumë tjera, do të lexoni më detajisht në numrin e prillit të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА 16-ТАТА СЕДНИЦА ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 4 април 2023 година, ја одржа 16-тата седница. На покана на потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадиновски, седницата беше одржана во административната зграда на Општина Валандово. Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС се договорија во иднина седниците на ова тело да се одржуваат во различни општини, по принцип на ротација, а со претходна покана од градоначалникот. Во таа насока, во однос на точката од дневниот ред за утврдување на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, беше заклучено таа да се одржи на 12 мај 2023 година, во Охрид. Членовите на Управниот одбор на оваа седница дискутираа и донесоа одредени заклучоци и по останатите 14 точки од дневниот ред.

По реализираните консултации со владините служби во однос на содржината на новиот Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ, беше дефиниран предлог што членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледаа на оваа седница и донесоа заклучок за негово прифаќање. Предлогот за склучување на новиот Меморандум со Владата, ЗЕЛС го достави уште минатата година, во март, а главна причина е што актуелниот Меморандум е склучен во 2003 година и не ги одразува сите механизми на меѓусебна задолжителна консултација и соработка. Беше предложено свеченото потпишување на Меморандумот да се реализира во рамките на Генералното собрание, доколку постои согласност и од другата страна.

### Забелешките од советниците и инспекторите за образование за новата предлог-формула за распределба на блок дотациите за основно образование, да се доставаат до МОН

Управниот одбор ја разгледа новата предлог-формула за распределба на блок дотациите за основно образование, што ја утврди МОН, и дискутираше за пристигнатите забелешки од општините и забелешките изнесени од општинските советници и инспекторите за образование на двете работилници што ги организираше ЗЕЛС во соработка со УНИЦЕФ. Општините, генерално, ја поздравуваат иницијативата на МОН за воведување на нова формула за распределба на блок дотациите, барање што години наназад ЗЕЛС го упатуваше до Владата во својот документ Систематизирани ставови. Исто така, новата формула како почетна основа ја зема однапред утврдената сума на сите трошоци по ученик (стандард по ученик) што е уште едно дополнително барање на ЗЕЛС истакнувано и во претходниот период. Присутните ја поздравија ваквата иницијатива, но сепак изразија сериозно стравување дека според понудените решенија и во следниот период ќе има огромен недостаток на средства за оваа намена во општините. Беше забележано дека има голем број општини во кои дури 97 % од блок дотациите одат за плати на наставниците, што покажува дека речиси целокупниот трошок за спроведување на оваа надлежност ја покриваат општините. Оптимизацијата на училишната мрежа, што треба да се реализира паралелно со спроведувањето на новата формула, е долготраен процес и бара сеопфатна претходна анализа на потребите од наставен кадар и расположливоста на училишните објекти. Сепак, за овој дел пристигнаа сериозни забелешки од руралните општини, кои потенцираат дека тоа би водело до целосно изумирање на селата. Тие предлагаат ако се тргнува од концептот на државата за обезбе-

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E 16 NË NDËRTESËN ADMINISTRATIVE TË KOMUNËS SË VALLANDOVËS

Bordi drejtues i BNJVL-së më 4 prill 2023, mbajti seancën e 16. Në ftesë të nënkryetarit të BNJVL-së, Pero Kostadinovski, seanca u mbajt në ndërtesën administrative të Komunës së Vallandovës. Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së u dakorduan që seancat e ardhshme të këtij trupi të mbahen në komuna të ndryshme, mbi parimin e rotacionit, ndërsa me ftesë paraprake nga kryetari i komunës. Në këtë drejtim, lidhur me pikën e rendit të ditës për përcaktimin e seancës së katërt të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së u konkludua që të mbahet më 12 maj 2023 në Ohër. Anëtarët e Bordit drejtues të kësaj seance diskutuan dhe miratuan konkluzione të caktuara edhe mbi 14 pikat tjera të rendit të ditës.

Pas konsultimeve të realizuara me shërbimet qeveritare lidhur me përmbajtjen e Memorandumit të ri për bashkëpunim midis BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV u definua propozimi që anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së e shqyrtuan në këtë seancë dhe miratuan konkluzion për pranimin e tij. Propozimin për lidhjen e një Memorandumi të ri me Qeverinë, BNJVL e parashtroi që në vitin e kaluar, në muajin mars, ndërsa arsyeja kryesore është që Memorandumi aktual është lidhur në vitin 2003 dhe nuk i pasqyron të gjitha mekanizmat e konsultimit të obligueshëm dhe bashkëpunimit të ndërsjellë. U propozua firmosje solemne e Memorandumit dhe të realizohet në kuadër të Kuvendit Gjeneral, përderisa nuk ekziston pajtueshmëri edhe nga pala tjetër.

### Vërejtjet nga këshilltarët dhe inspektorët për arsim lidhur me propozim-formulën për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për arsim fillor, të parashtrohen në MASH

Bordi drejtues e shqyrtoi propozim-formulën e re për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsim fillor që e përcaktoi MASH dhe diskutoi për vërejtjet e arritura nga komunat dhe vërejtjet e parashtruara para këshilltarëve dhe inspektorëve për arsim në dy punëtoritë që i organizoi BNJVL në bashkëpunim me UNICEF. Komunat në përgjithësi e mirëpresin iniciativën e Ministrisë për arsimit dhe shkencë për futjen e një formule të re për ndarjen e bllok dotacioneve, kërkesë të cilën BNJVL i'a drejtoi Qeverisë vite më parë në qëndrimet e sistematizuara të saj. Gjithashtu, formula e re e merr si bazë fillestare shumën e paracaktuar të të gjitha shpenzimeve për nxënës (standard për një nxënës), që është një tjetër kërkesë shtesë e BNJVL-së e theksuar në periudhën paraprake. Të pranishmit e përshëndetën një iniciativë të tillë, por megjithatë shprehën frikë serioze se sipas zgjidhjeve të propozuara do të ketë mungesë të madhe të mjeteve për këtë qëllim në komuna edhe në periudhën e ardhshme. Është vërejtur se ka një numër të madh komunash në të cilat 97% e bllok dotacioneve shkojnë për pagat e mësimdhënësve, gjë që a tregon se pothuajse të gjithë shpenzimin e zbatimit të kësaj kompetence e mbulojnë komunat. Optimizimi i rrjetit të shkollave, i cili duhet të realizohet paralelisht me zbatimin e formulës së re, është një proces afatgjatë dhe kërkon një analizë paraprake gjithëpërfshirëse të nevojave të kuadrit arsimor dhe disponueshmërisë së objekteve shkollore. Megjithatë, në këtë pjesë kanë ardhur vërejtje serioze nga komunat rurale, të cilët theksojnë se kjo do të çonte në zhdukjen e plotë të fshatrave.

дување на рамномерен регионален развој, да се стимулира обновувањето на постојните подрачни училишта со големи капитални инвестиции и дидактички материјал во нив, а не да се затвораат. За таа цел, предложено е сите подрачни училишта, но и заборавените училишни интернати да се третираат со коефициент како „заштитено училиште". Беше заклучено систематизираните забелешки од општините да се испратат до МОН и да се потенцира итната потреба за зголемување на финансиски средства за општините, што значи и пореално утврдување на сумата утврдена како „стандард за ученик".

**Разгледани забелешките за предлог-измените на Законот за превоз во патниот сообраќај**

Во делот на забелешките што ги утврди Мрежата за општински инспектори за сообраќај при ЗЕЛС по Предлогот за измени на Законот за превоз во патниот сообраќај, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС посебно внимание посветија на забелешката дека членовите 22-б и 27-б се избришани, односно не се ставени во новиот Предлог. Овие членови беа воведени пред околу пет години, токму на иницијатива на ЗЕЛС, за да се обезбеди намалување на трошоците на општините за обезбедување на бесплатен превоз на учениците. Во нив стои дека бесплатниот превоз на учениците се врши со општински линиски или меѓуопштински линиски превоз на подрачјата каде што има утврден возен ред. Тоа претставуваше повод присутните да изнесат бројни реакции од стопанствениците за нецелисходноста на кадрите што се продуцираат од задолжителното средно образование и потребата за евентуално преиспитување на потребата од задолжителна форма на овој степен на образование, што би имало индиректно влијание и врз обврската за обезбедување бесплатен превоз на учениците. Беше нагласено дека, освен во Град Скопје, мал е бројот на општините кои имаат линиски превоз, а онаму каде што има воведено одредена форма на ваков превоз, најчесто не се покриени сите делови во општината или пак автобуските станици се прилично оддалечени од училишните објекти. Затоа речиси сите општини се обврзани да спроведат тендерски постапки и притоа се изложени на одредени притисоци од превозниците и нивното нелојално здружување, по што општината добива високи, нереални цени за спроведување на оваа услуга. Дел од општините овие високи трошоци веќе се обидуваат да ги заштедат преку одреден начин на обезбедување на сопствени возила, но и натаму се соочени со огромни трошоци за оваа намена, наместо истите средства да се искористат за подобрување на условите во образованието. Беше заклучено дополнително да се анализира ова прашање, а останатите заклучоци утврдени од Мрежата на сообраќајни инспектори да се достават до соодветниот предлагач.

Пред присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС, извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ја презентираше реализацијата на Акцискиот план на ЗЕЛС за 2022 година и на Буџетот на ЗЕЛС. Таа ги посочи сите активности што органите

Ata propozojnë nëse niset nga koncepti i shtetit për sigurimin e zhvillimit ekonomik lokal, të stimulohet rinovimi i rajoneve ekzistuese, shkolla me investime të mëdha kapitale dhe material didaktik në to, për të mos i mbyllur. Në këtë drejtim, propozohet që të gjitha shkollat e rretheve, si dhe konviktet e harruara, të trajtohen me një koeficient si ,,shkollë e mbrojtur". U konkludua që vërejtjet e sistemuara nga komunat t'i dërgohen MASH dhe të theksohet nevoja urgjente për rritjen e mjeteve financiare për komunat, që nënkupton përcaktimin më real të shumës së përcaktuar si ,,standard për një nxënës".

**U shqyrtuan vërejtjet për propozim-ndryshimet e Ligjit për transport në komunikacionin rrugor**

Bordi drejtues e shqyrtoi propozim-formulën e re për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsim fillor që e përcaktoi MASH dhe diskutoi për vërejtjet e arritura nga komunat dhe vërejtjet e parashtruara para këshilltarëve dhe inspektorëve për arsim në dy punëtoritë që i organizoi BNJVL në bashkëpunim me UNICEF. Komunat në përgjithësi e mirëpresin iniciativën e Ministrisë për arsimit dhe shkencë për futjen e një formule të re për ndarjen e bllok dotacioneve, kërkesë të cilën BNJVL i'a drejtoi Qeverisë vite më parë në qëndrimet e sistematizuara të saj. Gjithashtu, formula e re e merr si bazë fillestare shumën e paracaktuar të të gjitha shpenzimeve për nxënës (standard për një nxënës), që është një tjetër kërkesë shtesë e BNJVL-së e theksuar në periudhën paraprake. Të pranishmit e përshëndetën një iniciativë të tillë, por megjithatë shprehën frikë serioze se sipas zgjidhjeve të propozuara do të ketë mungesë të madhe të mjeteve për këtë qëllim në komuna edhe në periudhën e ardhshme. Është vërejtur se ka një numër të madh komunash në të cilat 97% e bllok dotacioneve shkojnë për pagat e mësimdhënësve, gjë që a tregon se pothuajse të gjithë shpenzimin e zbatimit të kësaj kompetence e mbulojnë komunat. Optimizimi i rrjetit të shkollave, i cili duhet të realizohet paralelisht me zbatimin e formulës së re, është një proces afatgjatë dhe kërkon një analizë paraprake gjithëpërfshirëse të nevojave të kuadrit arsimor dhe disponueshmërisë së objekteve shkollore. Prandaj, pothuajse të gjitha komunat janë të detyruara të zhvillojnë procedura për tender dhe janë të ekspozuara ndaj presioneve të caktuara nga transportuesit dhe shoqërimi i tyre jolojal, pas së cilës komuna merr çmime të larta dhe joreale për realizimin e këtij shërbimi. Disa nga komunat tashmë po përpiqen t'i kursejnë këto shpenzime të larta përmes një mënyre të caktuar të sigurimit të automjeteve të tyre, por ende përballen me shpenzime të mëdha për këtë qëllim, në vend që të përdorin të njëjtat mjete për përmirësimin e kushteve në arsim. U vendos që kjo çështje të analizohet më tej, ndërsa pjesa tjetër e konkluzioneve të përcaktuara nga Rrjeti i inspetorëve të komunikacionit rrugor t'i dorëzohet propozuesit përkatës.

Para anëtarëve të pranishëm të Bordit drejtues të BNJVL-së, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, prezantoi realizimin e Planit të aksional të BNJVL-së për vitin 2022 dhe








и телата на ЗЕЛС и административните единици во рамките на ЗЕЛС ги спроведоа во текот на минатата година. Беше нагласено дека иако ЗЕЛС е определена најголемиот дел од приходите да ги реализира преку членарината од нејзините членки, сепак општините не се редовни во исплатата, а има и општини кои по овој основ имаат долг кон ЗЕЛС во износ од повеќе милиони денари. Приходите од членарина во минатата година изнесувале 13 милиони денари, што не е ни половина од реализираните расходи. Во таа насока, Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС уште еднаш писмено да ги информира сите општини што имаат долг за неплатена членарина заедно со комплетната евиденција на долговите и со барање да се изјаснат на кој начин планираат да го исплатат. Потоа беше предложено ова прашање да се отвори за дискусија на Генералното собрание на ЗЕЛС, на кое ќе бидат изнесени и конкретните механизми што ЗЕЛС понатаму ќе има право да ги спроведува кон ваквите членки.

**Препорака до сите општини да обезбедат стручна служба која ќе работи исклучиво за потребите на Советот на општината**

Претседателот на Комитетот на советите при ЗЕЛС, Трајко Славески, кој е член на Управниот одбор на ЗЕЛС, ги информираше присутните за активностите на оваа комисија и за предизвиците со кои се соочуваат општинските совети при реализацијата на нивните надлежности. Беше нагласено дека по примерот на Управниот одбор на ЗЕЛС и ова тело планира да ги смени членовите кои не присуствуваат и не се активни во придонесот за работење на комисијата. Затоа, беа посочени имињата на членовите кои не се редовни и беше заклучено тие да бидат посочени на Генералното собрание со цел изнесување на нови предлози за нивна замена. Како најголем предизвик за советниците беше истакнато немањето на административна служба која директно ќе биде одговорна на претседателот на Советот на општината и на советниците. Управниот одбор донесе заклучок да се достави препорака до сите општини да утврдат соодветен број на административни службеници од својата администрација кои ќе работата исклучиво за потребите на Советот на општината.

**Отворен јавен повик за пријавување на општините за стекнување со BFC SEE-сертификат**

Присутните беа информирани и за други активности на ЗЕЛС, но и за реализираните состаноци со претставници од дру-

Buxhetin e BNJVL-së. Ajo tregoi të gjitha aktivitetet që organet dhe trupat e BNJVL-së dhe njësitë administrative në kuadër të BNJVL-së i kanë kryer gjatë vitit të kaluar. U theksua se ndonëse BNJVL është e vendosur që pjesën më të madhe të të hyrave t'i realizojë përmes anëtarësimit nga anëtarët e saj, komunat nuk janë të rregullta në pagesën dhe ka edhe komuna të cilat, mbi këtë bazë, kanë borxh ndaj BNJVL-së në shumë prej disa milionë denarë. Të hyrat nga anëtarësimi vitin e kaluar ishin 13 milionë denarë, që nuk është as gjysma e shpenzimeve të realizuara. Në këtë drejtim, Bordi drejtues konkludoi se BNJVL duhet edhe një herë me shkrim t'i informojë të gjitha komunat që kanë borxh për anëtarësinë e papaguar, me evidencën e plotë të borxheve dhe me kërkesë të deklarojnë se si planifikojnë t'a paguajnë atë. Pastaj u sugjerua që kjo çështje të hapet për diskutim në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, në të cilin do të prezantohen mekanizmat konkretë që BNJVL do të ketë të drejtë t'i aplikojë për anëtarët e tillë.

**Rekomandim deri te të gjitha komunat të sigurojnë shërbim profesional në të cilin do të punojë vetëm për nevojat e Këshillit të komunës**

Kryetari i komitetit të këshillave të BNJVL-së, Trajko Sllaveski, i cili është anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së, të pranishmit i informoi për aktivitetet e këtij Komisioni dhe për sfidat me të cilat ballafaqohen këshillat komunale në realizimin e kompetencave të tyre. U theksua se edhe ky organ, sipas shembullit të Bordit drejtues të BNJVL-së, planifikon të zëvendësojë edhe anëtarët që nuk marrin pjesë dhe nuk janë aktivë në kontributin në punën e Komisionit. Për këtë u vunë në dukje emrat e anëtarëve jo të rregullt dhe u konkludua që ata t'i tregohen Kuvendit Gjeneral për të paraqitur propozime të reja për zëvendësimin e tyre. Sfida më e madhe për këshilltarët ishte mungesa e një shërbimi administrativ që do t'i përgjigjej drejtpërdrejt kryetarit të Këshillit dhe këshilltarëve. Bordi drejtues ka konkluduar që të gjitha komunat t'u dorëzohet rekomandim, për të përcaktuar numrin e duhur të zyrtarëve administrativë nga administrata e tyre, të cilët do të punojnë ekskluzivisht për nevojat e këshillit komunal.

**Thirrje e hapur për paraqitjen e komunave për marrjen e certifikatës BFC SEE**

Të pranishmit u informuan edhe për aktivitetet tjera të BNJVL-së, si dhe për takimet e realizuara me përfaqësues nga

ги институции, здруженија и организации. Присутните беа запознаени дека ЗЕЛС, како акредитиран технички секретаријат во нашата земја, во рамките на платформата „Партнерство за конкурентен регион“ (CORE) (единствена платформа со над 20 институции и организации од регионот на Југоисточна Европа што овозможува регионална соработка и размена на знаења) објави оглас со кој ги повикува сите заинтересирани општини да се вклучат во процесот на стекнување на меѓународниот сертификат BFC SEE. Овој повик е ексклузивно отворен за 50 градови и општини од Југоисточна Европа кои досега не учествувале во програмата на BFC SEE, а општините може да се пријавуваат сè до исполнувањето на оваа бројка. Овој повик е наменет за сите единици на локалната самоуправа во нашата земја кои имаат активен пристап во обезбедувањето услови за развој на инвестиции и унапредување на деловниот амбиент на својата територија и кои сакаат воведување на меѓународни стандарди за ефикасна и транспарентна локална администрација, во согласност со принципите на добро владеење, со што, доколку ги спроведат сите потребни критериуми може да се стекнат со сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE). За таа цел, ЗЕЛС, на 11 април 2023 година, организира мастерклас за сите градоначалници, а на 19 април 2023 година и информативна работилница за општинската администрација од ЛЕР- одделенијата со цел реализирање на што поголем број пријавени општини во овој процес.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС беа информирани и за средбата на претставници од ЗЕЛС со претставници од Групацијата за градежништво во рамките на Стопанската комора. Управниот одбор истакна дека посочените теми се од голема важност и за локалната самоуправа и донесе заклучок, претставници од Комората да се поканат на седница на УО каде што подетално ќе се дискутира за сите посочени прашања. Во однос на барањата за обезбедување на поголема поддршка од општините за развој на проектот „Шах во училиштата“, што го реализира Шаховската федерација на Северна Македонија (ШФМ) кој се однесува на имплементирањето на шахот како слободна активност/изборен предмет на учениците. Беше донесен заклучок да се информираат сите општини за дописот и да се даде препорака во рамките на своите можности да дадат соодветна поддршка за реализација на оваа активност, која наиде на висок одзив кај учениците и која придонесува за квалитетен развој на децата. Управниот одбор даде слична препорака до општините и во однос на доставеното барање од лицата со бубрежни заболувања, конкретно со трансплантиран орган, да ги примат овие лица на разговор и во зависност од можностите на општината, но и во зависност од потребите на овие лица, да направат напори и да обезбедат соодветен број на слободни паркинг-места на соодветни локации. Посебна замолница за излегување во пресрет на оваа категорија на граѓани беше упатена до градоначалникот на Општина Центар.



institucionet, shoqatat dhe organizatat tjera. Të pranishmit u njoftuan se BNJVL, si sekretariat teknik i akredituar në vendin tonë, në kuadër të platformës ,,Partneriteti për rajon konkurrues" (CORE) (platformë unike me mbi 20 institucione dhe organizata nga rajoni i Evropës Juglindore që mundëson bashkëpunim dhe njohuri rajonale dhe shkëmbim të përvojave publikoi një njoftim duke ftuar të gjitha komunat e interesuara të përfshihen në procesin e marrjes së certifikatës ndërkombëtare BFC SEE. Kjo thirrje është ekskluzivisht e hapur për 50 qytete dhe komuna nga Evropa Juglindore që ende nuk kanë marrë pjesë në programin BFC SEE dhe komunat mund të aplikojnë derisa të plotësohet ky numër. Kjo thirrje u drejtohet të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale në vendin tonë që kanë qasje aktive në ofrimin e kushteve për zhvillimin e investimeve dhe përmirësimin e mjedisit afarist në territorin e tyre dhe që dëshirojnë ven dosjen e standardeve ndërkombëtare për efikasitet dhe transparent vendor administrata, në përputhje me parimet e qeverisjes së mirë, në mënyrë që nëse zbatojnë të gjitha kriteret e nevojshme të mund të marrin një certifikatë për një mjedis të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore. (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE). Në këtë drejtim, BNJVL më 11 prill 2023 organizon master-klas për të gjithë kryetarët e komunave, ndërsa më 19 prill 2023 punëtori informative për administratën komunale nga sektorin e ZHEL, me qëllim të realizimit të numrit më të madh të komunave të regjistruara në këtë procesi.

Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së u informuan edhe për takimin e përfaqësuesve të BNJVL-së me përfaqësuesit e Grupacionit për ndërtim në kuadër të Odës ekonomike. Bordi drejtues theksoi se temat e cekura janë të një rëndësie të madhe për vetëqeverisjen lokale dhe konkludoi që përfaqësues nga Oda të ftohen në seancën e Bordit drejtues ku do të diskutohen më hollësisht të gjitha çështjet e përmendura. Sa i përket kërkesave për mbështetje më të madhe nga komunat për zhvillimin e projektit ,,Shahu në shkolla", i cili zbatohet nga Federata e Shahut të Maqedonisë së Veriut (FSHM), i cili i referohet zbatimit të shahut si aktivitet i lirë/lëndë zgjedhore për nxënësit. Është arritur konkluzioni që të gjitha komunat të njoftohen për letrën dhe të jepet rekomandim brenda mundësive të tyre për të ofruar përkrahje adekuate për realizimin e këtij aktiviteti, i cili pati një reagim të lartë te nxënësit dhe që kontribuon në zhvillimin cilësor të fëmijëve. Bordi i ka dhënë një rekomandim të ngjashëm komunave dhe në lidhje me kërkesën e paraqitur nga personat me sëmundje të veshkave, konkretisht me organ të transplantuar, që këta persona të pranohen për bisedime dhe në varësi të mundësive të komunës, por edhe në varësi të nevojave të këta persona të bëjnë përpjekje dhe të sigurojnë një numër adekuat të hapësirave të lira parkimi në lokacione të përshtatshme. Kërkesë e veçantë për t'u dalë në vigjilje kësaj kategorie të qytetarëve i është dërguar kryetarit të Komunës Qendër.



### Доставена иницијатива до ЗЕЛС од Општина Центар за конфискација на нелегално изградените објекти

Како за крај, но не и со намалено значење, пред членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС беше изнесена иницијативата што Општина Центар ја достави до ЗЕЛС за справување со диваградбите, преку конфискација на овие нелегално изградени објекти. Иницијативата ја образложи градоначалникот на Општината, Горан Герасимовски, кој нагласи дека сите општини, вклучително и неговата, се соочуваат со бројни вакви објекти, кои, по законски спроведената процедура за запирање на постапката за натамошна градба, истите тие со години ја нарушуваат естетиката на просторот и претставуваат места на кои се одвиваат одредени незаконски дејствија. За нивно рушење Општината треба да употреби огромни финансиски средства, па затоа најчесто се определува тие средства да ги искористи за друга покорисна намена за своите жители. Во таа насока, во иницијативата е предложено Општината да се стекне со право овие објекти да ги конфискува и понатаму преку активности спроведени од Агенцијата за конфискација, и тие објекти да ги пренаменат за потребите на граѓаните. На овој начин ќе се испрати порака до сите што се дрзнуваат и понатаму да градат нелегално да престанат со ваквите незаконски постапки, а општината наместо огромни средства да троши за рушење на ваквите објекти, преку конфискацијата ќе ги заштеди овие средства, а објектот ќе го пренамени за потребите на своите граѓани (за културни домови, градинки и слично). Со цел дополнително и подетално разгледување на сите правни аспекти на оваа иницијатива, Управниот одбор донесе заклучок таа да биде доставена до сите општини на разгледување, а по добиените одговори повторно да биде ставена на разгледување од Управниот одбор на ЗЕЛС, на следната седница.

### Në BNJVL u dërgua iniciativë nga komuna Qendër për konfiskimin e objekteve të ndërtuara pa leje

Si përfundim, por jo edhe rëndësi të zvogëluar para anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së u paraqit iniciativa e Komunës së Qendrës që e dërgoi në BNJVL për menaxhim me objektet e ndërtuara pa leje, përmes konfiskimit të këtyre objekteve të ndërtuara pa leje. Iniciativën e arsyetoi kryetari i komunës, Goran Gerasimovski, i cili përmendi se të gjitha komunat, përfshirë edhe komuna e tij, ballafaqohen me një numër të madh të objekteve të këtilla, të cilat sipas procedurës së përcaktuar me ligj për ndërtim të mëtejmë, të njëjtat me vite prishin estetikën e hapësirës dhe paraqesin vende në të cilat zhvillohen veprime joligjore të caktuara. Për shembjen e tyre komuna duhet të përdorë mjete të larta financiare, prandaj më së shpeshti përcaktohet që këto mjete t'i shfrytëzojë për dedikim tjetër më të dobishëm për anëtaret e saj. Në këtë drejtim në iniciativë është propozuar që komuna të merr të drejtën që këto objekte t'i konfiskojë edhe mëtej përmes aktiviteteve të zbatuara nga ana e Agjencisë për konfiskim, të njëjtat të ridedikohen për nevojën e qytetarëve të tyre. Në këtë mënyrë do të dërgohet porosi te të gjithë të cilët marrin guximin edhe mëtej të ndërtojnë ilegalisht të pushojnë me procedurat e këtilla joligjore, ndërsa komuna në vend të mjeteve të larta t'i shpenzojë për shembjen e objekteve të këtilla, përmes konfiskimit t'i kursejë këto mjete ndërsa objektin do t'a ridedikojë për nevojat e qytetarëve të tyre (për shtëpitë e tyre të kulturës, çerdhet, etj). Me qëllim shqyrtimi plotësues dhe më detajues të të gjitha aspekteve juridike edhe kjo iniciativë e Bordit drejtues miratoi konkluzion që i njëjti të jetë i dërguar deri te të gjitha komunat në shqyrtim, ndërsa pas përgjigjeve të fituara sërish të dërgohet për shqyrtim nga ana e Bordit drejtues të BNJVL-së në seancën e ardhshme.

## РОДОВИТЕ КОНЦЕПТИ И ПОЛИТИКИ И РОДОВОТО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНАТА

Во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2", каде што ЗЕЛС е партнер во имплементирањето на дел од активностите поврзани со советничките, беше организирана работилница за претседателките и претседателите на општински совет, кои се членови на тематската работна група за родова еднаквост, формирана во рамките на овој проект. Работилницата беше реализирана на 6 април 2023 година, во Скопје, на која беа поканети и претседателките и претседателите на советничките комисиите за еднакви можности заедно со координаторките од партнерските општини, вклучени во проектот.

Присутните имаа можност да бидат попрецизно запознаени со законската регулатива од областа на родовата еднаквост и со законските обврски на општините. Преку интерактивна дискусија се говореше и за алатките и концептите што им се на располагање на општините, а со чија примена може да се обезбеди интегрирање на родовата перспектива во креирањето на локалните политики со кои ќе се обезбеди родовата рамноправност на жените и на мажите, како и на девојчињата и на момчињата во рамките на локалната самоуправа.

## KONCEPTET DHE POLITIKAT GJINORE DHE BUXHETIMI PËRGJEGJËS PËR BARAZI GJINORE, SI MUNDËSI PËR PËRGJEGJËSI DHE TRANSPARENCË MË TË MADHE NË KOMUNË

Në kuadër të Projektit „Përforcim i këshillave komunale – faza 2", ku BNJVL është partner në implementimin e pjesës së aktiviteteve lidhur me këshilltarët komunalë, u organizua punëtori për kryetarët dhe kryetaret e këshillave komunale, të cilët janë anëtarë të grupit punues për barazi gjinore, të formuar në kuadër të Projektit. Punëtoria u realizua më 06 prill 2023, në Shkup, në të cilën u ftuan edhe kryetarët dhe kryetaret e komisioneve të këshilltarëve për mundësi të barabarta së bashku me koordinatorët nga komunat partnere, të përfshira në projekt.

Të pranishmit patën mundësinë të njihen më saktë me rregulloret ligjore në fushën e barazisë gjinore dhe me detyrimet ligjore të komunave. Përmes një diskutimi interaktiv, u diskutua edhe për mjetet dhe konceptet që janë në dispozicion të komunave, zbatimi i të cilave mund të sigurojë integrimin e perspektivës gjinore në krijimin e politikave lokale që do të sigurojnë barazi gjinore për gratë dhe burrat, si dhe të vajzave dhe djemve brenda vetëqeverisjes lokale.

Përvoja pozitive nga realizimi i një sërë aktivitetesh në

Беа изнесени позитивни искуства од реализацијата на низа активности од областа на родовата еднаквост што досега ги спровеле општините, меѓу кои утврдување на програми за работа, креирање на родово одговорен буџет, конкретни активности за обезбедување на еднаквост меѓу жените и мажите на локално ниво. Преку квиз прашања беа изнесени и одредени дејствија што се одвиваат во домот, на работното место, во секојдневното опкружување, а беа изнесени и одредени ставови за родовата рамноправност, родовите улоги и стереотипите.

Претставничките од ЗЕЛС и од УНДП ја истакнаа важноста од родовата интеграција во локалните политики и во буџетот, важноста од обезбедување на соодветна поддршка за обезбедување на поголемо учество на жените во политиката и на одлучувачки позиции и важноста од интегрирањето на родовата перспектива во креирањето на сите локални политики. Притоа, беа изнесени повеќе позитивни примери од нашата земја, но и од странските држави што општините може да ги имплементираат на локално ниво.

Беше констатирано дека родовата еднаквост е процес на постојано надградување на сите нивоа во општеството и затоа е потребна реализација на бројни активности со децата уште во нивната најрана возраст, во градинките, потоа во училиштата, како и активности за зголемување на сензибилноста за овие прашања во локалната заедница. Паралелно со овие активности од голема важност е и домашното воспитување во духот на почитување на родовата еднаквост. Присутните се запознаа со сите активности што досега ги презеде ЗЕЛС како поддршка на општините, но и оние што ги реализираше заедно со УНДП, а беа изнесени и идните планови во оваа област.

fushën e barazisë gjinore që komunat kanë realizuar deri më tani, duke përfshirë përcaktimin e programeve të punës, krijimin e buxheteve të përgjegjshme gjinore, u prezantuan aktivitete specifike për sigurimin e barazisë midis femrave dhe meshkujve në nivel lokal. Përmes pyetjeve të kuizit u prezantuan veprime të caktuara që ndodhin në shtëpi, në vendin e punës, në mjedisin e përditshëm, si dhe u prezantuan qëndrime të caktuara për barazinë gjinore, rolet dhe stereotipet gjinore.

Përfaqësueset e BNJVL-së dhe UNDP shprehën rëndësinë e integrimit gjinore në politikat lokale dhe në buxhetet, rëndësia e sigurimit të përkrahjes adekuate për sigurimin e pjesëmarrjes më të madhe të femrave në politikë dhe në pozitat vendim-marrëse dhe rëndësia e integrimit të perspektivës gjinore në krijimin e të gjitha politikave lokale. Në këtë mënyrë u parashtruan shumë shembuj pozitivë nga vendi jonë, por edhe nga vendet e huaja që komunat mund t'i implementojnë në nivel lokal.

U konstatua se barazia gjinore është proces i avancimit të rregullt në të gjitha nivelet e shoqërisë dhe prandaj është i nevojshëm realizimi i aktiviteteve të shumta me fëmijët që në moshën më të re, në çerdhe, pastaj në shkolla, por edhe aktivitetet për rritjen e sensibilizimit të këtyre çështjeve në bashkësinë lokale. Paralelisht me këto aktivitete tejet e rëndësishme është edhe edukata familjare në frymën e respektimit të barazisë gjinore. Të pranishmit u informuan me të gjitha aktivitetet që deri më tani i ndërmori BNJVL si përkrahje të komunave, por edhe ato që i realizoi së bashku me UNDP, ndërsa u prezantuan edhe planet e ardhshme në këtë lëmi.










## ПРВА КООРДИНАТИВНА СРЕДБА СО НОВИТЕ 10 ПАРТНЕРСКИ ОПШТИНИ НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ“

Виница, Гевгелија, Градско, Дебар, Карбинци, Кисела Вода, Маврово и Ростуше, Ранковце, Ресен и Студеничани се новите општини кои беа избрани на јавниот повик за вклучување во проектот „Зајакнување на општинските совети“ што го спроведува УНДП, а каде ЗЕЛС е една од партнерските организации. Во фокусот на овој проект е јакнењето на капацитетите на општинските советници во насока на зацврстување на улогата на Советот на општината за носење на одговорно работење и носење на квалитетни одлуки за граѓаните. Првата координативна средба со претставниците од сите 10 општини беше одржана на 4 април 2023 година во Скопје, на која присутните беа запознаени за сите активности што ќе се реализираат во следните 15 месеци, во рамките на сите три компоненти опфатени во проектот.

Улогата на ЗЕЛС во овој проект е особено изразена во активностите за вмрежување на советниците. Поточно, според надлежностите и обврските на Советот на општината, креирани се девет тематски работни групи (ТРГ): 1. ТРГ за финансии и буџет; 2. ТРГ за локален економски развој; 3.ТРГ за јавни дејности; 4. ТРГ за еднакви можности меѓу жените и мажите; 5. ТРГ за меѓуетнички односи; 6. ТРГ за иновации во ЕЛС; 7. ТРГ за животна средина и просторно планирање; 8. ТРГ за борба против корупцијата и 9. ТРГ за млади. Претседателите на општинските совети имаат можност да изберат една или повеќе тематски групи, со што во следниот период ќе следат и соодветни обуки. Како што истакна заменичката на постојаниот претставник на УНДП во нашата земја, Сања Бојаниќ, од следниот месец започнува „Програмата за развој на капацитетите“ преку која секој советник од овие општини ќе има можност да следи специјализирани обуки комбинирани со практично учење. Оваа програма, исто така, ќе биде достапна и за претставниците на општинската администрација, како и за градоначалниците. Во сите овие 10 општини ќе се организираат и форуми во заедницата, преку кои граѓаните непосредно ќе избираат проекти за кои сметаат дека се од приоритетно значење за нив, а за чија реализација општината ќе добие финансиска поддршка во вид на грант. Дополнително, преку овој проект се работи на подобрување на законодавството, на дигитализација на услугите кон граѓаните, на зголемување на транспарентноста и на преземање адекватни мерки за натамошна борба со корупцијата. Еден од клучните аспекти на проектот е и целосно почитување на принципите на еднаква родова застапеност и еднакви можности за сите граѓани во текот на спроведувањето на сите проектни активности. Во следните две години, предвидено е преку јавен повик да бидат избрани уште 20 нови единици на локалната самоуправа, со што вкупната бројка би била 44 општини учеснички во овој проект. Втората фаза од проектот „Зајакнување на општинските совети“ е финансирана од швајцарската влада и Министерство за локална самоуправа, а ја спроведува и кофинансира УНДП во соработка со национални и локални партнери.

## TAKIMI I PARË KOORDINATIV ME 10 KOMUNAT PARTNERE TË PROJEKTIT „PËRFORCIM I KËSHILLAVEKOMUNALE"

Vinica, Gjevgjelia, Gradsko, Dibra, Karbinci, Kisella Voda, Mavrova dhe Rostusha, Rankovce, Resnja dhe Studeniçani janë komunat të cilat u zgjodhën në thirrjen publike për përfshirje në projektin „Përforcim i këshillave komunale" që e zbaton UNDP, ndërsa ku BNJVL është një ndër organizatat partnere. Në fokus të këtij projekti është edhe përforcimi i kapaciteteve të këshilltarëve komunalë në drejtim të përforcimit të rolit të Këshillit të komunës për punë të përgjegjshme dhe vendim-marrje për qytetarët. Takimi i parë koordinativ me përfaqësuesit e të gjitha 10 komunave u mbajt më 04 prill 2023 në Shkup në të cilin pjesëmarrësit u informuan me aktivitetet që u realizuan në 15 vitet e ardhshme në kuadër të tre komponentëve të përfshira në Projektin në fjalë.

Roli i BNJVL-së në këtë projekt është shprehur veçanërisht në sferën e aktiviteteve për rrjetëzimin e këshilltarëve. Konkretisht, sipas kompetencave dhe detyrimeve të Këshillit të komunës, u krijuan nëntë grupe pune tematike (GPT): 1. GPT për financat dhe buxhetin 2. GPT për zhvillimin ekonomik lokal 3. GPT për aktivitete publike 4. GPT për mundësi të barabarta ndërmjet femrave dhe meshkujve 5. GPT për marrëdhëniet ndëretnike 6. GPT për inovacionet në NJVL7. GPT për mjedis dhe planifikim hapësinor, 8 GPT për luftimin e korrupsionit dhe 9 GPT për të rinjtë. Kryetarët e këshillave komunale kanë mundësinë të zgjedhin një ose më shumë grupe tematike, me të cilat do të vijojnë trajnimet e duhura në periudhën e ardhshme. Siç theksoi deputetja e përfaqësueses së përhershme të UNDP-së në vendin tonë, Sanja Bojaniq, nga muaji i ardhshëm do të fillojë „Programi për zhvillimin e kapaciteteve", përmes të cilit çdo këshilltar nga këto komuna do të ketë mundësinë të ndjekë trajnime të specializuara të kombinuara me mësimin praktik. Ky program do të jetë në dispozicion edhe për përfaqësuesit e administratës komunale, si dhe për kryetarët e komunave. Në të gjitha këto 10 komuna do të organizohen forume në bashkësi, përmes të cilave qytetarët do të zgjedhin menjëherë projektet që i konsiderojnë si prioritare për ta dhe për realizimin e të cilave komuna do të marrë mbështetje financiare në formë granti. Duke shtuar, përmes këtij Projekti bëhet fjalë për përmirësimin e legjislacionit, të digjitalizimit të shërbimeve ndaj qytetarëve, rritja e transparencës dhe ndërmarrja e masave adekuate për luftë të mëtejme kundër korrupsionit. Një ndër aspektet kyçe të projektit është edhe respektimi i plotë i parimeve të përfaqësimit të barabartë gjinore dhe mundësitë e barabarta për qytetarët gjatë zbatimit të aktiviteteve të projektit. Në dy vitet e ardhshme, është parashikuar përmes thirrjes publike të zgjedhën edhe 20 njësi të reja të vetëqeverisjes lokale, me ç'rast numri i përgjithshëm do të ishte 44 pjesëmarrëse komunale në këtë projekti. Faza e dytë e projektit „Përforcim i këshillave komunale" është financuar nga Qeveria zvicerane dhe Ministria për vetëqeverisje lokale, ndërsa e zbaton dhe ko-financon UNDP në bashkëpunim me partnerët nacionalë dhe lokalë.



## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2022 ГОДИНА

ЗЕЛС го публикуваше Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година, што претставува еден од начините на обезбедување на поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Ова публикација беше издадена на македонски и на албански јазик, а во електронска форма е изработена и на англиски јазик. Всушност, 2022 година мина во знакот на одбележување на јубилејот на ЗЕЛС, 50 години од одржувањето на основачкото собрание на тогашната Заедница на општините и градовите на Македонија (ЗОГМ) на 26 април 1972 година; во знакот на справување на општините со сериозните предизвици од енергетската криза и со бројните разговори со релевантните институции од областа на енергетиката, но и со други институции и министерства, како и реализираните три средби со високи претставници од Владата на РСМ.

Годишниот извештај на ЗЕЛС претставува уште една дополнителна алатка преку која ЗЕЛС го прикажува работењето на органите и телата на Заедницата, реализацијата на стратегиските цели, активностите за зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот, како и поддршката што ја добиваат општините за спроведувањето на електронските услуги.

ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги (ЗЕПЕ) преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk, во 2022 година издаде вкупно 2 395 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk организира 69 објави за аукции. Во системот градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, во 2022 година се поднесени вкупно 1 640 барања за откуп, по пат на непосредна спогодба и одржани се 149 аукции за отуѓување по пат на јавно наддавање. Испратени барања за интервенции до МТВ за: е-градежно земјиште – 68, а за е-одобрение за градење - 7. Вкупно интервенции во е-дозвола, согласно со Правилникот за начинот за постапување на администраторот во е-одобрение за градење - 68.

Прегледно, преку графикони и табели, во публикацијата се прикажани и приходите и расходите на ЗЕЛС за 2022 година, како и заклучокот од Ревизорскиот извештај за 2022 година. Бесплатен примерок од оваа публикација добиваат членовите на Генералното собрание на ЗЕЛС, а воедно, Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година е поставен на веб-страницата на ЗЕЛС: www.zels.org.mk.




## RAPORTI VJETOR I BNJVL-SË PËR VITIN 2022

BNJVL publikoi Raportin vjetor të BNJVL-së për vitin 2022, që paraqet një ndër mënyrat e sigurimit të transparencës më të madhe në punën e Bashkësisë. Ky publikim u botua në gjuhën maqedonase dhe në gjuhën shqipe, ndërsa në formë elektronike përgatitet edhe në gjuhën angleze. Në të vërtetë viti 2022 kaloi në shenjë të shënimit të jubileut të BNJVL-së – 50 vjet nga themelimi i saj dhe nga kuvendi themelues i Bashkësisë së atëhershme të komunave dhe qyteteve të Maqedonisë (SHKQM) më 26 prill 1972; por edhe në shenjë të menaxhimit të komunave me sfidat serioze të krizës energjetike dhe me negociatat e shumta me institucionet relevante nga lëmia e energjetikës, por edhe institucione dhe ministri tjera, si dhe tre takimet e realizuara me përfaqësuesit e lartë të RMV.

Raporti vjetor i BNJVL-së paraqet edhe një mjet shtesë përmes së cilës BNJVL paraqet punën e saj në organet dhe trupat e Bashkësisë, realizimi i qëllimeve strategjike, si dhe puna e përforcimit të kapaciteteve të administratës komunale përmes Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, si dhe përkrahjen që e marrin komunat për zbatimin e shërbimeve elektronike.

**Njësia e BNJVL-së për përkrahjen e shërbimeve elektronike (ZEPE)** përmes sistemit informatik www.gradezna-dozvola.mk, në vitin 2022 komunat kanë dhënë 2.395 leje ndërtimi, dhe përmes sistemit informativ për tender publik elektronik për zbatimin e procedurës për shitjen dhe dhënien me qira të pronës së patundshme dhe të tundshme www.e-stvari.mk kishte 69 njoftime për ankande. Në sistemin e tokës ndërtimore www.gradezno-zemjiste.mk, në vitin 2022 janë paraqitur gjithsej 1640 kërkesa për blerje, me marrëveshje të drejtpërdrejtë dhe janë mbajtur 149 ankande për tjetërsim me tender publik. Kërkesat për intervenime të dërguara në MTV për: e-leje ndërtimore – 68 dhe për leje elektronike për objekt - 7. Gjithsej janë bërë ndërhyrje në leje elektronike në përputhje me Rregulloren për veprimin për administratorin në leje elektronike për objekt - 68.

Në mënyrë të pasqyruar përmes grafikëve, në publikim janë paraqitur edhe të hyrat dhe të dalat e BNJVL-së për vitin 2022, si dhe konkluzioni nga Raporti i revizionit për vitin 2022. Ekzemplar falas nga ky publikim marrin anëtarët e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, ndërsa njëkohësisht Raporti vjetor i BNJVL-së për vitin 2022 vendoset në faqen e internetit të BNJVL-së: www.zels.org.mk.






## СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС, ЃОРЃИЕВСКИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на здравјето - 7 Април, годинава под мотото „Здравје за сите", претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, разговараше со претставници од Сојузот на здруженија на дијабетичари на Македонија. На средбата што се одржа во административната зграда на ЗЕЛС, се говореше за можностите на локалните самоуправи за поддршка на превенцијата од настанувањето на хронични болести кај децата и населението, особено кај болните од дијабетес. Ѓорѓиевски изрази апел за неопходност од достоинствен третман на дијабетичарите, но и на сите останати категории пациенти во земјава и воедно, им го честита овој светски ден на сите вработени во здравствениот систем кои секојдневно, несебично се посветени и се грижат за своите пациенти.

Претседателот на Сојузот на здруженија на дијабетичари, Димче Велев, посочи дека од голема помош би била поддршката од секоја општина во формирањето и натамошното работење на Комисијата за унапредување на правата на пациентите, што воедно е обврска утврдена и во Законот за заштита на пациенти. Овие комисии потоа би помогнале во креирањето на локалните политики кои ќе се насочат кон преземање активности за спречување на настанувањето на хроничните болести кај децата, но и кај возрасните, или олеснување на предизвиците со кои тие секојдневно се соочуваат. Како пример беше посочена навремената едукација на наставниот кадар во градинките и училиштата за поддршка на хронично болните деца, а особено беше нагласена потребата од едукација на децата за големата полезност од физичката активност и здравата исхрана во спречувањето на голем број болести, а особено на дијабетесот. Нагласено беше дека според статистичките податоци драстично се зголемува бројот на болни од дијабетес и тоа сè повеќе кај младата популација што претставува проблем не само на овие пациенти, туку и проблем на целата општина и на државата.

Претседателот на ЗЕЛС, Ѓорѓиевски, нагласи дека сите иницијативи и предлози за кои се дискутираше на средбата ќе бидат изнесени на следната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС. Тој изрази уверување дека секој градоначалник во рамките на своите можности ќе даде максимум поддршка во формирањето на коми-

## TAKIM I KRYETARIT TË BNJVL-SË, GJORGJIEVSKI ME PËRFAQËSUESIT E LIDHJES SË SHOQATAVE TË DIABETIKËVE TË MAQEDONISË

Në kuadër të shënimit të Ditës botërore të shëndetit – 7 prill, këtë vit me moton ,,Shëndeti për të gjithë", kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski bisedoi me përfaqësuesit e Lidhjes së shoqatave të diabetikëve të Maqedonisë. Në takimin që u mbajt në ndërtesën administrative të BNJVL-së u diskutua për mundësitë e vetëqeverisjes lokale për përkrahjen e parandalimit të sëmundjeve kronike te fëmijët dhe popullata, veçanërisht te të sëmurët me diabet. Gjorgjievski apeloi për domosdoshmërinë nga trajtimi me dinjitet i diabetikëve, por edhe të gjitha kategorive të pacientëve në vend dhe njëkohësisht u'a uroi ditën botërore të të gjithë të punësuarve në sistemin shëndetësor të cilët çdo ditë, u janë përkushtuar pacientëve të tyre.

Kryetari i Lidhjes së shoqatave të diabetikëve të Maqedonisë, Dimçe Velev, përmendi se ndihmesë e madhe do të ishte përkrahja e komunave në formimin dhe punën e mëtejme të Komisionit për menaxhim me të drejtat e pacientëve, që njëkohësisht është obligim i përcaktuar edhe në Ligjin për mbrojtjen e pacientëve. Këto komisione do të ndihmonin më pas në krijimin e politikave vendore që do të shkojnë në drejtim të ndërmarrjes së aktiviteteve për parandalimin e shfaqjes së sëmundjeve kronike tek fëmijët, por edhe tek të rriturit apo në drejtim të lehtësimit të sfidave me të cilat përballen përditë. Si shembull, u vu në dukje edukimi në kohë i stafit mësimdhënës në kopshte dhe shkolla për të mbështetur fëmijët me sëmundje kronike, si dhe nevoja për edukimin e fëmijëve për dobinë e madhe të aktivitetit fizik dhe një dietë të shëndetshme në parandalimin e një sërë sëmundjesh, veçanërisht për parandalimin e diabetit. U theksua se sipas të dhënave statistikore, numri i të sëmurëve nga diabeti po rritet në mënyrë drastike dhe kjo është më shumë tek të rinjtë, gjë që përbën problem jo vetëm për këta pacientë, por edhe për komunën në përgjithësi dhe shtetin.

Kryetari i BNJVL-së, Gjorgjievski përmendi se të gjitha iniciativat dhe propozimet për të cilat u diskutua në takim do të paraqiten në seancën e ardhshme të Bordit drejtues të BNJVL-së. Ai tregoi bindje çdo kryetar komune në kuadër të mundësive të tij do të jep maksimumin e përkrahjes në pjesën e formimit

сиите, на креирањето на локалните политики за едукација на младите и целото население, но и за преземање на дополнителни активности за обезбедување на услови за позастапено спортување на учениците. Исто така, Ѓоргиевски нагласи дека сите навремени превентивни мерки и правилното и навремено третирање на пациентите треба да даде значителни резултати што ќе бидат во интерес на целата заедница.

të Komisioneve, në krijimin e politikave lokale për edukimin e të rinjve dhe mbarë popullatës, por edhe për ndërmarrjen e aktiviteteve për sigurimin e kushteve për një përfaqësim më të madhe të sportit te nxënësit. Gjithashtu Gjorgjievski theksoi se të gjitha masat parandaluese të ndërmarra në kojë dhe trajtimi i rregullt dhe në kohë i pacientëve, duhet të japin rezultate të konsiderueshme që do të jenë në interes të mbarë bashkësisë.

## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА ОПШТИНИТЕ – „КАКО ДО МЕЃУНАРОДЕН BFC SEE-СЕРТИФИКАТ“

„Како до меѓународен BFC SEE-сертификат“ беше насловот на информативната сесија што ја организираше ЗЕЛС на 19 април 2023 година, во административните простории, на која беа поканети секретарите на општините и претставници од одделенијата за локален економски развој. Присутните беа запознаени дека сите заинтересирани општини имаат можност да се вклучат во меѓународната BFC SEE-програма за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE), каде што ЗЕЛС ја има улогата на акредитиран технички секретаријат за нејзино спроведување во нашата земја.

Беше посочено дека на веб-страницата на ЗЕЛС (https://zels.org.mk/newsd/5150) е поставен јавен повик, кој е ексклузивно отворен за 50 градови и општини од Југоисточна Европа кои досега не учествувале во програмата на BFC SEE, а општините може да се пријавуваат сè до исполнувањето на оваа бројка. Оваа програма за општините обезбедува јасни насоки за унапредување на нивните административни перформанси, го зголемува нивото на квалитет и ефикасност на услугите наменети за приватниот сектор, а локалното стопанство го рангира по конкурентност на регионално и меѓународно ниво. Програмата е наменета за општините што сакаат да ја унапредат својата административна подготвеност за обезбедување и спроведување на квалитетни услуги и услови за развивање на постојниот стопански потенцијал во општината и привлекување на нови домашни и странски инвестирања, а со тоа да му обезбедат на населението можности за вработување. Почетен чекор во овој процес е локалната самоуправа да ги препознае сопствените автентични потенцијали за економски развој и потребите на деловната заедница во насока на заедничко креирање одржлива стратегија на локален економски развој. За таа цел, на оваа сесија присутните беа информирани за предностите и бенефициите што ги обезбедува овој сертификат; за

## „SI TË ARRIHET DREJT CERTIFIKATËS NDËRKOMBËTARE BFC SEE“ - SESION INFORMATIV PËR KOMUNAT

,,Si të arrihet drejt certifikatës ndërkombëtare BFC SEE“ ishte titulli i sesionit informativ që e organizoi BNJVL më 19 prill 2023, në ndërtesën administrative në të cilën u ftuan sekretarët e komunave dhe përfaqësuesve nga seksionet e zhvillimit ekonomik lokal. Të pranishmit u informuan se të gjitha komunat e interesuara patën mundësi të përfshihen në programin ndërkombëtar BFC SEE- për certifikimin e qyteteve dhe komunave me ambient të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE), ku NJVL kanë rolin e sekretariatit të akredituar teknik për zbatimin e të njëjtës në vendin tonë.

U theksua se në ueb-faqen e BNJVL-së (https://zels.org.mk/newsd/5150) është bërë thirrje publike, e cila është ekskluzivisht e hapur për 50 qytete dhe komuna nga Evropa Juglindore që akoma nuk kanë marrë pjesë në Programin BFC SEE dhe komunat mund të aplikojnë derisa të plotësohet ky numër. Ky Program për komunat ofron udhëzime të qarta për përmirësimin e performancës së tyre administrative, rrit nivelin e cilësisë dhe efikasitetit të shërbimeve të dedikuara për sektorin privat dhe rendit ekonominë vendore në aspektin e konkurrencës në nivel rajonal dhe ndërkombëtar. Programi është i dedikuar për komunat që dëshirojnë të përmirësojnë gatishmërinë e tyre administrative për ofrimin dhe zbatimin e shërbimeve cilësore dhe kushteve për zhvillimin e potencialit ekzistues ekonomik në komunë dhe tërheqjen e investimeve të reja vendore dhe të huaja, duke i ofruar kështu popullatës mundësi punësimi. Hapi fillestar në këtë proces është që vetëqeverisja lokale të njohë potencialin e vet autentik për zhvillim ekonomik dhe nevojat e bashkësisë të biznesit në drejtim të krijimit të përbashkët të një strategjie të qëndrueshme të zhvillimit ekonomik lokal. Në këtë drejtim, në këtë seancë të pranishmit u informuan për





процесот што треба да го спроведе општинската администрација; за критериумите што треба да бидат исполнети, но и за видот на поддршката што ја обезбедува ЗЕЛС во текот на целиот процес на сертифицирање на општините.

**Над 90 % од BFC SEE стандардизираните општини се изјасниле дека имаат висока полезност од овој меѓународен сертификат**

Според истражувањето и анализата на BFC-програмата, на прашањето поставено на општините од регионот, кои веќе се стекнале со BFC SEE-сертификат, дали сметаат дека имаат полза од BFC SEE-печатот за стандард, 90 % од нив одговориле со висока и највисока оценка. Во рамките на ова истражување е употребена и алатката на истражување од независен, таен купувач/инвеститор, преку која се потврдило дека во општините кои се стекнале со BFC SEE-сертификат условите за водење бизнис се за 76 % подобри, во однос на оние што немаат ваков печат на стандард. Исто така, утврдено е дека сертифицираните општини, во просек имаат трипати повеќе инвестиции од оние што не се сертифицирани со BFC. Понатаму, од сите општини од регионот (12) кои се наведени на листата на Financial Times на топ дестинации за инвестирање во Европа (FDI Cities of the Future) 80 % се токму оние што имаат BFC SEE-сертификат, меѓу кои се и единици на локалната самоуправа од нашата земја. Преку мрежата BFC SEE беа поттикнати нови регионални иницијативи (е-дозвола за градба....) и беа спроведени проекти со поддршка на големи меѓународни институции како што се: GIZ, SDC, USAID, SIDA и Светската банка. Оваа програма, исто така, поттикна 20 институции и организации од седумте земји (Албанија, Босна и Херцеговина, РС Македонија, Косово, Србија, Хрватска и Црна Гора) да ја зајакнат регионалната соработка и да обезбедат размена на знаења меѓу ресорните министерства, стопанските комори, здруженијата на општини, развојните агенции, граѓанските организации и универзитетите, општините и градовите, во рамките на платформата „Партнерство за конкурентен регион“ (CORE).

Сето ова, како што беше изнесено на сесијата, претставува значаен показател зошто една општина, која високо на листа на своите стратегиски приоритети го има ставено развојот на локалната економија, би се пријавила на отворениот повик и би се вклучила во едногодишниот процес на исполнување на критериуми за стекнување на овој меѓународен BFC SEE-сертификат.

**Утврдени се задолжителните критериуми за стекнување со BFC SEE- сертификатот**

Претставниците од општината беа запознаени и со 10-те критериуми што треба да ги исполни општината и 63-те поткритериуми што треба да ги исполнат на патот на сертификацијата. Беше посочено дека дел од критериумите се задолжителни, како што се: стратегијата за локален економски развој

avantazhet dhe përfitimet që ofron kjo certifikatë; për procesin që do të kryejë administrata komunale; për kriteret që duhet të plotësohen, por edhe për llojin e përkrahjes së BNJVL-së gjatë gjithë procesit të certifikimit të komunave.

**Mbi 90% të komunave të standardizuara me BFC SEE janë deklaruar se kanë dobi të lartë nga kjo certifikatë ndërkombëtare**

Në bazë të hulumtimit të kryer dhe analizës nga ana e Programit BFC, në pyetjen drejtuar komunave nga rajoni të cilat tashmë kanë marrë certifikatën BFC SEE, a konsiderojnë se kanë dobi nga vula BFC SEE lidhur me standardin, 90% e tyre janë përgjigjur me notë më të lartë. Në kuadër të këtij hulumtimi është shfrytëzuar edhe mjeti hulumtues i një blerësi/investitori të pavarur sekret, përmes së cilit është vërtetuar se në komunat që kanë marrë certifikatën BFC SEE, kushtet për kryerjen e biznesit janë 76% më të mira, krahasuar me ato që nuk e kanë këtë vulë të standardit. Gjithashtu është përcaktuar se komunat e certifikuara mesatarisht kanë tre herë më shumë investime se ato që nuk janë të certifikuara me BFC. Për më tepër, nga të gjitha komunat në rajon (12) të listuara në listën e Financial Times të destinacioneve kryesore të investimeve në Evropë (FDI Cities of the Future), 80% janë pikërisht ato që kanë certifikatën BFC SEE, ndër të cilat janë njësitë e vetëqeverisjes lokale nga vendi jonë. Përmes Rrjetit BFC SEE u nxitën iniciativa të reja rajonale (E-leje për ndërtim....) dhe projektet u zbatuan me mbështetjen e institucioneve kryesore ndërkombëtare si GIZ, SDC, USAID, SIDA dhe Banka Botërore. Ky program inkurajoi gjithashtu 20 institucione dhe organizata nga të shtatë vendet (Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina, Maqedonia e Veriut, Kosova, Serbia, Kroacia dhe Mali i Zi) për të përforcuar bashkëpunimin rajonal dhe për të siguruar shkëmbimin e njohurive ndërmjet ministrive të resorit, odat ekonomike, shoqatat e komunave, agjencitë e zhvillimit, organizatat civile dhe universitetet, komunat dhe qytetet, në kuadër të platformës „Partneriteti për një rajon konkurrues" (CORE).

E gjithë kjo, siç u prezantua në seancë, është një tregues domethënës se përse një komunë, e cila e ka vendosur zhvillimin e ekonomisë lokale lart në listën e prioriteteve strategjike, do të aplikonte në thirrjen e hapur dhe do t'i bashkohej procesit njëvjeçar të përmbushjes së kritereve për të marrë këtë certifikatë ndërkombëtare BFC SEE.

**U përcaktuan kriteret e detyrueshme për marrjen e certifikatës BFC SEE**

Përfaqësuesit nga komuna u njohën edhe me 10 kriteret që duhet të plotësojë komuna dhe 63 nënkriteret që duhet të plotësojnë në rrugën drejt certifikimit. U theksua se disa nga kriteret janë të detyrueshme, si strategjia për zhvillimin ekonomik lokal të komunës, themelimi i Këshillit ekonomik







на општината, воспоставен локален економски совет, административно одделение за локален економски развој и други. Општината треба задолжително да го преиспита својот потенцијал за исполнетост на овие критериуми. Во таа насока беше посочено дека секоја општина има можност, пред да се пријави да изврши соодветна претходна проверка за сопствените почетни позиции или пак, на тој начин да види што во меѓувреме би требало да воспостави, за да се пријави на некој следен јавен повик за сертифицирање. Беше нагласено дека од вкупно 100 бода, 75 % се добиваат за показатели за воспоставени капацитети и процеси. Новина претставуваат 15 % од бодовите што се добиваат за нумерички показатели за ефектите каде што се мери способноста на ЕЛС да се занимава со мерење на својот учинок, а не со конкретни вредности, па со текот на времето собраните податоци ќе овозможат аналитика и воспоставување референтни вредности. Остатокот од 10 % од бодовите се однесуваат за иновации и добри примери од праксата, кои се вметнати низ шест од 10 критериуми, а најизразено е во десеттиот критериум, кој се однесува на „Примена и ефекти од механизмот **паметен град (smart city)** во ЕЛС“.

Процесот на сертифицирање на општините ќе се одвива електронски, преку BFC SEE-системот, каде општината треба да ги објавува потребните документи и докази. Притоа, административниот тим што ќе го утврди општината како одговорен за спроведување на процесот, ќе добива континуирана поддршка од проценувач, со кого ќе соработува и ќе се консултира за сите критериуми и или непознати ситуации. По завршениот процес, оценката ја врши регионален верификационен тим што ја проверува документацијата, транспарентноста на потребните податоци изнесени на општинската веб-страница, а врши и практична проверка во самата општина и со локалната бизнис-заедница. Времетраењето на сертификатот е три години. Низ целиот период, општината ќе биде поддржувана од стручни верификатори кои ќе вршат мониторинг и надзор на запазување на BFC SEE-стандардите. По овој период, општината може да започне нова фаза на ресертификација.

ЗЕЛС, како член на Партнерството за конкурентен регион (CORE partnership) и во соработка со Германската развојна соработка што ја спроведува ГИЗ, го спроведува овој јавен повик упатен до лидерите на локалните самоуправи за подобрување на работата и ефикасноста на локалната администрација со следење на критериумите за сертификација на BFC SEE, и со тоа да го заслужат називот Општина по мерка на бизнисот.

lokal, seksioni administrativ për zhvillimin ekonomik lokal e të tjera. Komuna duhet domosdoshmërisht të rishikojë potencialin e saj për përmbushjen e këtyre kritereve. Në këtë drejtim, u theksua se secila komunë ka mundësinë që përpara se të aplikojë, të kryejë një kontroll të duhur paraprak për pozicionet e veta fillestare ose në atë mënyrë të shohë se çfarë duhet të vendosë ndërkohë për të aplikuar një thirrje publike pasuese për certifikim. U theksua se nga gjithsej 100 pikë, 75% janë marrë për tregues të kapaciteteve dhe proceseve të krijuara. Risia është 15% e pikëve të marra për treguesit numerikë të efekteve, të cilët masin aftësinë e NJVQ për t'u marrë me matjen e performancës së saj dhe jo me vlera specifike, kështu që me kalimin e kohës të dhënat e mbledhura do të mundësojnë analizën dhe vendosjen e referencës së vlerave. Pjesa tjetër prej 10% e pikëve i referohet risive dhe praktikave të mira, të cilat futen përmes gjashtë nga 10 kriteret dhe më e theksuara është në kriterin e dhjetë, që i referohet ,,Zbatimit dhe efektet e mekanizmit të qytetit të mençur (smart city) në NJVQ".

Procesi i certifikimit të komunave do të zhvillohet në mënyrë elektronike, përmes sistemit BFC SEE, ku komuna duhet të ,,ngarkojë” dokumentet dhe provat e nevojshme. Në të njëjtën kohë, ekipi administrativ i përcaktuar nga komuna si përgjegjës për zbatimin e procesit do të marrë mbështetje të vazhdueshme nga një vlerësues, me të cilin do të bashkëpunojë dhe konsultohet për të gjitha kriteret dhe/ose situatat e panjohura. Pas përfundimit të procesit, vlerësimi kryhet nga një ekip rajonal verifikues që kontrollon dokumentacionin, transparencën e të dhënave të nevojshme të paraqitura në faqen e komunës, si dhe kryen një kontroll praktik në vetë komunë dhe me bashkësinë e biznesit lokal. Kohëzgjatja e certifikatës është tre vjet. Gjatë gjithë periudhës, komuna do të mbështetet nga verifikues profesionalë të cilët do të monitorojnë dhe mbikëqyrin pajtueshmërinë me standardet e BFC SEE. Pas kësaj periudhe, komuna mund të fillojë një fazë të re ricertifikimi.

BNJVL, si anëtar i Partneritetit për rajon konkurrues (CORE partnership) dhe në bashkëpunim me Bashkëpunimin zhvillimor gjerman që e zbaton GIZ, e zbaton në këtë thirrje publike të dërguar për liderët e vetëqeverisjes lokale për përmirësimin e punës dhe efikasitetin e administratës lokale me ndjekjen e kritereve për certifikim të BFC SEE dhe me këtë e meritojnë epitetin ,,Komuna sipas masës së biznesit”.

## ЗЕЛС ЗАПОЧНА СО АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

ЗЕЛС започна со активности за поддршка на советите за социјална заштита што ги формираат општините. Поконкретно, поддршката се однесува на претставниците на општинската администрација и на членовите на општинскиот социјален совет. Тие ќе имаат можност да ги надградат своите знаења за концептот и мерките за социјална инклузија и да разменат видувања за интегрирање на принципот „Никој да не биде изоставен“, како централен принцип на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој, во сите области од надлежност на општината. Крајната цел на обуката е дејствување кон искоренување на сиромаштијата, спречување на дискриминацијата и намалување на нееднаквостите на локално ниво, коишто треба да бидат преточени во изработка или надградба на локалниот социјален план, што е обврска на општината утврдена со закон.

Во таа насока, во февруари, ЗЕЛС објави јавен повик до сите општини да се пријават за добивање на стручна поддршка во оваа област, по што беше утврдена бројка од 14 општини кои влегоа во програмата. Поточно, оваа година поддршка од ЗЕЛС ќе добијат девет општини: Битола, Арачиново, Куманово, Велес, Карпош, Аеродром, Чаир, Боговиње и Радовиш, а во 2024 година и општините: Неготино, Ѓорче Петров, Крива Паланка и Македонски Брод.

### Првата обука реализирана во Општина Битола

Првата обука беше реализирана со Општина Битола, кога на 7 април 2023 година, во административната зграда на општината, во организација на ЗЕЛС и во соработка со претставниците од општинската администрација беше организирана обука на тема „Улогата на општинскиот совет за социјална заштита“. На обуката, меѓу другото, беа идентификувани социјалните предизвици и потреби на локалната заедница, особено во областа на приоритетните, конкретни социјални услуги, а се дискутираше и за чекорите за преземање мерки за социјална превенција и воспоставување на социјални услуги. Петнаесет членови на општинскиот совет за социјална заштита на Општина Битола се запознаа со начините на интегрирање на принципот „Никој да не биде изоставен“, на локално ниво, а се дискутираше и за чекорите за унапредување на социјалниот план на општината .

### Општинскиот совет за социјална заштита е одговорно тело за изработка на социјален план за подрачјето на општината

Врз основа на Законот за социјална заштита, усвоен во 2019 година, општината има обврска да основа општински совети за социјална заштита, составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полицијата и/или јавното обвинителство, од подрачјето на општината. Мандатот на членовите на ОССЗ трае четири години. Министерството за труд и социјална политика објави Упатство за



## BNJVL FILLOI ME AKTIVITETET PËR PËRKRAHJEN E KËSHILLAVE KOMUNALE PËR MBROJTJEN SOCIALE

BNJVL filloi me aktivitetet për përkrahjen e këshillave për mbrojtjen sociale që i formojnë komunat. Më konkretisht, përkrahja ka të bëjë me përfaqësuesit e administratës komunale dhe të anëtarëve të këshillave sociale. Ata do të kenë mundësi t'i avancojnë dituritë e tyre për konceptin e masave për inkluzion social dhe t'i shkëmbejnë pikëpamjet për integrim të parimit ,,Askush të mos ngelet i anashkaluar", si parim qendror i Agjendës 2030 dhe Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm në të gjitha lëmenjtë në kompetencë të komunës. Qëllimi përfundimtar i trajnimit është veprimi drejt ç'rrënjësimit të varfërisë, parandalimit të diskriminimit dhe zvogëlimi i pabarazisë në nivel lokal, të cilat duhet të jenë të shkrira në përpilimin dhe avancimin e planit social lokal, që është obligim i komunës të përcaktuar me ligj.

Në këtë drejtim, në muajin shkurt BNJVL shpalli thirrje publike për të gjitha komunat që të aplikojnë për përkrahje profesionale në këtë fushë, pas së cilës u përcaktua numri prej 14 komunave që kanë hyrë në program. Konkretisht, nëntë komuna do të marrin mbështetje nga BNJVL këtë vit: Manastiri, Haraçina, Kumanova, Velesi, Karposhi, Aerodromi, Çairi, Bogovina dhe Radovishi, ndërsa në vitin 2024 komunat: Negotinë, Gjorçe Petrov, Kriva Pallankë dhe Makedonski Brod.

### Trajnimi i parë i realizuar në Komunën e Manastirit

Trajnimi i parë u realizua me Komunën e Manastirit, kur më 7 prill 2023, në ndërtesën administrative të komunës, në organizim të BNJVL-së dhe në bashkëpunim me përfaqësuesit e administratës komunale, u organizua trajnimi me temë **,,Roli i këshillit komunal për mbrojtje sociale"**. Në trajnim, ndër të tjera, u evidentuan sfidat dhe nevojat sociale të bashkësisë lokale, veçanërisht në fushën prioritare, shërbimet specifike sociale, si dhe u diskutuan hapat për marrjen e masave për parandalimin social dhe themelimin e shërbimeve sociale. Pesëmbëdhjetë anëtarë të këshillit të komunës për mbrojtje sociale në kuadër të Komunës së Manastirit u informuan me mënyrat e integrimit të parimit ,,Askush të mos ngelet i anashkaluar", në nivel lokal ndërsa gjithashtu u diskutua edhe mbi hapat për përmirësimin e planit social të komunës.

### Këshilli komunal për mbrojtje sociale është trup përgjegjës për përpilimin e planit social në rajonin e komunës

Në bazë të Ligjit për mbrojtje sociale, të miratuar në vitin 2019, komuna ka obligim të themelojë këshillat komunalë për mbrojtje sociale. Nga përfaqësues të administratës komunale, qendrës për punë sociale, ofruesve të shërbimeve, shoqatave, institucioneve në fushën e arsimit, shëndetësisë. , punësimi , policia dhe/ose prokuroria publike, nga territori i komunës. Mandati i anëtarëve të KKMS zgjat katër vjet. Ministria për transport dhe lidhje dhe politika sociale shpalli Udhëzim



функционирање на општинските совети за социјална заштита https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/publikacii_2022/%D0%A3%D0%BF%D0%B0%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-f.pdf со насоки за основање и работа на општинските совети за социјална заштита, што, исто така, е тема на обуката. Општинскиот совет за социјална заштита претставува мултидисциплинарно советодавно тело кое е одговорно за изработка на социјален план за подрачјето на општината.

për funksionimin e këshillave komunale për mbrojtje sociale https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/publikacii_2022/%D0%A3%D0%BF%D0%B0%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-f.pdf сме drejtime për themelimin dhe punën e këshillave komunale për mbrojtje sociale, që gjithashtu është temë e trajnimit. Këshilli komunal për mbrojtje sociale paraqet trup këshillëdhënës multi-disiplinar që është përgjegjës për përpilimin e planit social për rajonin e komunës.

## ЗА АДЕКВАТНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ МОРА ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ И СООДВЕТНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА – СТАВ НА РАБОТНАТА ГРУПА ПРИ ЗЕЛС

Членовите на работната група за утврдување на решенија за предизвиците со противпожарните територијални единици (ППТЕ) во општините, формирана на последната, 16. седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржа состанок во административната зграда на Општина Куманово, на 26 април 2023 година. Членови на оваа работна група се градоначалниците: Марко Колев, градоначалник на Општина Велес; Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово; Сашко Митовски, градоначалник на Општина Крива Паланка; Жарко Ристески, градоначалник на Општина Македонски Брод; Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш и Иван Јорданов градоначалник на Општина Штип.

### ППТЕ без опрема и со престари противпожарни возила

Во дискусијата, тие ги изнесоа сите предизвици со кои се соочуваат општините што управуваат со противпожарните територијални единици. Како најголем предизвик беше посочен огромниот недостатокот на финансиски средства што овие општини, преку Министерството за одбрана, ги добиваат за спроведување на оваа надлежност. Поточно, од тие средства општините не можат да покријат ни мал дел за платите на постојните вработени пожарникари во ППТЕ, а уште помалку да го обезбедат законски утврдениот број на пожарникари, утврден според соодветниот број на жители на територијата за која е надлежна една ППТЕ. Исто така, општините се изложени на трошење на дополнителни финансиски средства за исплата на судските решенија од тужбените побарувања на пожарникарите заради неисплатените придонеси во изминатиот период. Беше нагласено дека и многу општини, кои во согласност со Законот за пожарникарство немаат формирано противпожарна единица, не ја почитуваат законската обврска за задолжително учество во финансирањето на противпожарната единица која го покрива нивното подрачје. Исто така, потенцирана беше и катастрофалната состојбата и на опременоста на овие единици. Пожарникарите немаат соодветни одела, ниту друга потребна опрема, а возниот парк во поголемиот дел од ППТЕ е стар и со 40 до 50-годишни противпожарни возила; за некоја пософистицирана опрема за спасување од пожари или друг вид кризи, меѓу кои е и неопходното противпожарно возило со скали, општината не може ни да помисли.

### Огромна одговорност за општините, без соодветна финансиска дотација од централната власт

Со оваа надлежност општините добија огромна одговорност, но речиси никакви финансиски средства за нејзино спроведување. ЗЕЛС и досега ѝ укажуваше на централната власт за недостатокот на финансиски средства за оваа намена, но не се направени речиси никакви позитивни исчекори за подобрување на состојбите. Централната власт ни приближно не се однесува во согласност со Ев-

## PËR FUNKSIONIM ADEKUAT TË NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE, DUHET SIGURUAR EDHE MJETE ADEKUATE FINANCIARE – QËNDRIM I GRUPIT PUNUES NË KUADËR TË BNJVL-SË

Anëtarët e grupit punues për përcaktimin e zgjidhjeve për sfidat me njësitë territoriale zjarrfikëse (NJTZF) në kuadër të komunave, e formuar në seancën e fundit të 16. të Bordit drejtues të BNJVL-së, mbajtën mbledhje në ndërtesën administrative të komunës së Kumanovës, më 26 prill 2023. Anëtarët e grupit punues janë kryetarët e komunave: Marko Kolev, kryetar i komunës së Velesit; Maksim Dimitrievski, kryetar i komunës së Kumanovës; Sashko Mitovski; kryetar i komunës së Kriva Pallankës; Zharko Risteski, kryetar i komunës Makedonski Brod; Aco Ristov, kryetar i komunës së Radovishit dhe Ivan Jordanov kryetar i komunës së Shtipit.

### NJTZF pa pajisje dhe me automjete të vjetra zjarrfikëse

Në diskutim, ata përmendën të gjitha sfidat me të cilat ballafaqohen komunat që menaxhojnë me njësitë territoriale. Si sfidë më e madhe u përmend mungesa tejet e madhe e mjeteve financiare që këto komuna, përmes Ministrisë për mbrojtje i marrin për zbatimin e kësaj kompetence. Më saktë, këto mjete komunat nuk mund t'i mbulojnë as rrogat e zjarrfikësve të punësuar aktual në Njësitë territoriale zjarrfikëse, ndërsa aq më pak të sigurojnë numrin e zjarrfikëse, të përcaktuar sipas numrit të banorëve në territorin në të cilin është kompetente një NJTZF. Gjithashtu, komunat janë të ekspozuara ndaj shpenzimit të mjeteve shtesë financiare për shlyerjen e vendimeve gjyqësore nga paditë e zjarrfikësve për shkak të kontributeve të papaguara në periudhën e kaluar. U theksua se shumë komuna, të cilat në përputhje me Ligjin e Zjarrfikësve nuk kanë krijuar njësi zjarrfikëse, nuk e respektojnë detyrimin ligjor për pjesëmarrje të detyrueshme në financimin e njësisë zjarrfikëse që mbulon rajonin e tyre. Gjithashtu u theksua gjendja katastrofike e pajisjeve të këtyre njësive. Zjarrfikësit nuk kanë kostume të përshtatshme apo pajisje të tjera të nevojshme dhe vendparkimi i automjeteve në pjesën më të madhe të NJZF është i vjetër me automjete zjarrfikëse 40 deri në 50 vjeçare; komuna as nuk mund të paramendojë as për ndonjë pajisje më të sofistikuar për shpëtim nga zjarret apo krizat e tjera, duke përfshirë automjetin e nevojshëm zjarrfikës me shkallë.

### Përgjegjësi tejet e madhe për komunat pa dotacion adekuat nga pushteti qendror

Me këtë kompetencë, komunat morën një përgjegjësi të madhe, por pothuajse asnjë burim financiar për zbatimin e të njëjtës. BNJVL edhe deri më tani i ka referuar pushtetit qendror për mungesën e mjeteve financiare për këtë qëllim, por nuk është ndërmarrë pothuajse asnjë hap pozitiv për përmirësimin e gjendjes. Pushteti qendror nuk sillet as përafërsisht në përputhje



ропската повелба за локална самоуправа, каде основно правило е со секоја префрлена надлежност да се обезбедат и соодветни средства за нејзино спроведување. Беше нагласено дека и средствата што се добиваат преку Дирекцијата за заштита и спасување се минимални. Градоначалникот на Општина Штип, кој е претставник од ЗЕЛС во рамките на Дирекцијата, посочи дека е договорено оваа година да се обезбеди набавка на дел од потребната заштитна облека за пожарникарите. Ова произлегло од барањата посочени во анкетата што ја спровела Дирекцијата во ППТЕ, како неопходност во работењето на пожарникарите. Присутните ги изнесоа и предлог-решенијата утврдени во текстот на новиот Предлог-закон на Законот за пожарникарство, каде се посочени нови извори за финансирање на ППТЕ, односно еден денар од секоја купена кутија цигари и 30 денари од продажба на m3 дрва за огрев да одат за ППТЕ, што можеби донекаде би ја ублажило состојбата за во иднина.

### Утврдените заклучоци ќе ги разгледува Управниот одбор на ЗЕЛС

Во таа насока, членовите на работната група донесоа одредени заклучоци што ќе бидат изнесени на следната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, закажана за 11 мај 2023 година, во административната зграда на Општина Охрид и на Генералното собрание на ЗЕЛС .

1. ЗЕЛС да испрати допис до сите општини, кои во најкраток рок треба да одговорат на две прашања: А) Колку изнесува, односно се планира да изнесува наменската дотација за 2022 и за 2023 година и Б) Колку средства издвојува општината, односно колку планира да издвои за плати и надоместоци за плати, материјални трошоци за истиот период (за 2022 и за 2023 година).

2. Централната власт, итно, со ребаланс на буџетот да ги обезбеди потребните средства и да им ги испорача на општините за обезбедување на плати и за придонеси на сите вработени пожарникари, а притоа да се води од законски предвидениот број на потребни пожарникари според бројот на жители. Исто така, да се испорачаат и потребните средства за опрема на пожарникарите и ППТЕ, како и за обезбедување на соодветни противпожарни возила.

3. Доколку во даден рок, што ќе го утврди Управниот одбор на ЗЕЛС, централната власт не ја реализира потребната буџетска интервенција, да се даде препорака до сите единици на локалната власт да донесат одлука за откажување од оваа надлежност. Во иднина, општините би придонесувале во оваа област преку формирање на волонтерски противпожарни единици.

me Kartën Evropiane për Vetëqeverisje Lokale, ku rregulli bazë është sigurimi i mjeteve adekuate për zbatimin e saj me çdo kompetencë të transferuar. U theksua se edhe mjetet e pranuara përmes Drejtorisë për mbrojtje dhe shpëtim janë minimale. Kryetari i Komunës së Shtipit, i cili është përfaqësues i BNJVL-së në këtë Drejtori, tregoi se këtë vit është arritur marrëveshje që të sigurohet blerja e një pjese të veshmbathjeve të nevojshme mbrojtëse për zjarrfikësit. Kjo ka rezultuar nga kërkesat e treguara në anketën e kryer nga Drejtoria e NJZF, si një domosdoshmëri në punën e zjarrfikësve. Të pranishmit i prezantuan edhe propozim-vendimet e përcaktuara në tekstin e Propozim-Ligjin e ri të Ligjit për zjarrfikje, ku tregohen burimet e reja të financimit të NJTZF, gjegjësisht një denar nga çdo paketë e blerë cigare dhe 30 denarë nga shitja e m3. dru për djegie për të shkuar për NJTZF, gjë që mund ta zbusë disi situatën në të ardhmen.

### Konkluzionet e përcaktuara i shqyrtoi Bordi drejtues i BNJVL-së

Në këtë drejtim, anëtarët e grupit punues miratuan konkluzione që do të parashtrohen në seancën e ardhshme të Bordit drejtues të BNJVL-së, të caktuar për 11 maj 2023, në ndërtesën administrative të komunës së Ohrit dhe të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së .

1. BNJVL dërgoi shkresë te të gjitha komunat të cilat në afat sa më të shkurtër t'u përgjigjen dy pyetjeve: A) Sa përmban, respektivisht planifikohet të përmbajë dotacioni me dedikim për vitin 2022 dhe për vitin 2023 dhe B) Sa është shuma e mjeteve që komuna ndanë, respektivisht sa planifikon të ndajë për pagat dhe kompensimet për paga, shpenzime materiale për periudhën në fjalë (për vitin 2022 dhe për vitin 2023).

2. Pushteti qendror, duke ribalancuar buxhetin, siguron urgjentisht mjetet e nevojshme dhe u'a dorëzon komunave për sigurimin e pagave dhe kontributeve për të gjithë zjarrfikësit e punësuar, duke u udhëhequr nga numri i parashikuar ligjor i zjarrfikësve të kërkuar sipas numrit të qytetarëve. Gjithashtu, të shpërndahen fondet e nevojshme për pajisjen e zjarrfikësve dhe NJTZF, si dhe për pajisjen e mjeteve të përshtatshme zjarrfikëse.

3. Përderisa në afatin e dhënë, që e përcaktoi Bordi drejtues i BNJVL-së, pushteti qendror nuk e realizon intervenimin buxhetor, t'u jep rekomandim të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale të pushtetit lokal të miratojnë vendim për anulimin e kësaj kompetence. Në të ardhmen, komunat do të kontribuonin në këtë lëmi përmes formimit të njësive vullnetare zjarrfikëse.

## СОЛИДАРНОСТ ВО УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗА – ТЕСТ ЗА СИТЕ НИВОА НА ВЛАСТИ ВО ОПШТЕСТВОТО

Девет земји, единаесет партнерски организации, осум проектни работилници во изминатите две години беа посветени на најтешката криза од поновата историја на европско подрачје, предизвикана од пандемијата COVID-19, а финализираше со завршна Конференција на 26 април, 2023 во Грац, Австрија. Во тек на двегодишниот проектен период, експерти од регионални и локални власти, здруженија на општини и невладини организации имаа можност лично да го споделат своето знаење и професионално искуство на неколкуте работилници. Овие работилници не беа наменети само за организациско управување со COVID-19 тестирања и вакцинација, грижа за пациенти во болниците и обезбедувањето маски. Подеднакво беше важен увидот во стратегиите за справување на општеството кое прво мораше да научи да функционира со ограничувања во слободите на граѓаните. Во трите години од пандемијата, термините „држење дистанца“ и „самоизолација“ одеднаш станаа гласни зборови во секојдневниот живот, а општествата беа ставени на тест на издржливост за соочување со криза од широки размери и надминување на последиците. Научените лекции од корона кризата се патоказ по кој општествата натаму треба да се подготвуваат, да ги детектираат слабостите на своите национални, регионални и локални системи на дејствување, и заеднички да се мобилизираат за зголемена подготвеност за соочување со слични кризи. Во голема мера преовладува едногласноста околу интензивирање на користење на информатичките технологии во секојдневниот живот на луѓето, без разлика дали тие би биле дел од образовниот систем во локалните самоуправи, во здравството, енергетскиот сектор, услужниот на локално и државно ниво, земјоделие, владеење на право...Реорганизација на системот на управување со кризи и негова поддршка е следниот важен сегмент на кој треба постојано да се работи, од страна на сите релевантни актери во заедницата. Пандемијата од COVID-19 е стабилизирана, но времето на кризи изгледа не застанува тука. Актуелна е енергетската криза, влијанието на климатските промени, инфлацијата и многу други теми кои се актуелни и за кои се разговараше на Конференцијата во Грац.

Покрај презентациите на проектните партнери, во Европскиот центар за современи јазици во Грац, обраќање имаше и домаќинот Вернер Амон, советник за Европа, меѓународни прашања, образование и човечки ресурси на Штаерска, Герхард Старк, претседател на клиниката КАГЕс, Лејла Пок, извршен директор на кластерот за човечка технологија, и Хелмут Теоблад Милер, координатор за КОВИД и замрачување (blackout) од провинцијата Штаерска, Австрија.

На панел дискусија водена од Томас Гремсл, професор по етика, Инес Вокл- основач на старт ап, Мишел Исоп, портпаролка на државно училиште, и Бернхард Олбрих, главен уредник на KLEINE, се заклучи дека сепак, на крај кризата покажа дека



## SOLIDARITET NË MENAXHIM ME KRIZËN – TEST PËR TË GJITHA NIVELET NË SHOQËRI

Nëntë vende, njëmbëdhjetë organizata partnere, tetë punëtori të projektit në dy vitet e kaluara u dedikuan për krizën më të rëndë nga historia më e ra në rajonin evropian, të shkaktuar nga pandemia COVID-19, ndërsa u finalizua me Konferencën përfundimtare më 26 prill, 2023 në Grac, Austri. Gjatë periudhën dyvjeçare të projektit, ekspertët nga pushtetet lokale dhe rajonale, shoqatat e komunave dhe organizatat joqeveritare patën mundësi personalisht të ndajnë diturinë e tyre dhe përvojën profesionale në disa punëtori. Këto punëtori nuk u përkushtuan vetëm për menaxhimin organizativ me testimin dhe vaksinimin nga COVID-19, kujdesi për pacientët në spital dhe sigurimi i maskave. Në këtë mënyrë po aq i rëndësishëm ishte dhe depërtimi në strategjitë përballuese të shoqërisë që së pari duhej të mësonte të funksiononte me kufizime në liritë e qytetarëve. Në tre vitet që nga pandemia, termat „distancim" dhe „vetëizolim" janë bërë befas fjalët kryesore në jetën e përditshme dhe shoqëritë janë vënë në provë të qëndrueshmërisë për të përballuar një krizë në shkallë të gjerë dhe për të tejkaluar pasojat. Mësimet e nxjerra nga kriza e koronës janë një udhërrëfyes me të cilin shoqëritë duhet të vazhdojnë të përgatiten, të zbulojnë dobësitë e sistemeve të tyre kombëtare, rajonale dhe lokale të veprimit dhe të mobilizohen së bashku për një gatishmëri të shtuar për të përballuar kriza të ngjashme. Njëzëri mbizotëron kryesisht rreth intensifikimit të përdorimit të teknologjive të informacionit në jetën e përditshme të njerëzve, pavarësisht nëse ata do të ishin pjesë e sistemit arsimor në vetëqeverisjet lokale, në shëndetësi, sektorin e energjisë, shërbimet në nivel lokal dhe shtetëror, bujqësi, sundimi i ligjit... Riorganizimi i sistemit të menaxhimit të krizave dhe mbështetja e tij është segmenti tjetër i rëndësishëm për të cilin duhet të punohet në vazhdimësi nga të gjithë aktorët përkatës në bashkësi. Pandemia e COVID-19 është stabilizuar, por koha e krizave duket se nuk ndalet me kaq. Kriza energjetike, ndikimi i ndryshimeve klimatike, inflacioni dhe shumë tema të tjera që janë aktuale dhe mbi këto u diskutua në Konferencën në Grac.

Përveç prezantimeve të partnerëve të projektit, në Qendrën Evropiane për gjuhët bashkëkohore në Grac, nikoqiri Verner Amon, këshilltar për Evropën, çështjet ndërkombëtare, arsimin dhe burimet njerëzore të Shtejer, Gerhard Shtark, president i klinikës KAGEs, Leila Pok, drejtore ekzekutive e grupit të Teknologjisë Njerëzore dhe Helmut Theoblad Myler, koordinatori për COVID-19 dhe ndërprerje (blackout) nga provinca e Shtejer, Austri.

Në panel diskutimi të udhëhequr nga Tomas Gremsl, profesor i etikës, Ines Vokël - themeluese e start-up, Mishel Isop, zëdhënës e shkollës publike dhe Bernhard Olbrih, kryeredaktor i KLEINE, arriti në përfundimin se në fund, megjithatë , kriza



заедницата е посилна од поединецот во совладување на големите предизвици.

Проектот SOLICO (Солидарност по корона пандемијата) е иницијатива на австриската провинција Штаерска, финансиран од ЕУ програмата „Европа за граѓаните“ со грант од 150.000 евра. Во проектот учествуваа партнер организации од Македонија, Унгарија, Босна и Херцеговина, Хрватска , Црна Гора, Србија и Словенија, и Косово. Соработката на партнерите за Штаерска е сигнал за можност за интензивирање на односите со балканските земји и со тоа да придонесе за нивна европска интеграција, а кои во моментов се уште се невидливи точки на мапата на Европската унија.

tregoi se komuniteti është më i fortë ndaj individit në tejkalimin e sfidave të mëdha.

Projekti SOLICO (Solidariteti pas pandemisë korona) është një iniciativë e provincës austriake të Shtejer, financuar nga programi i BE-së ,,Evropa për qytetarët” me grant prej 150,000 euro. Në projekt morrën pjesë organizata partnere nga Maqedonia, Hungaria, Bosnja dhe Hercegovina, Kroacia, Mali i Zi, Serbia dhe Sllovenia dhe Kosova. Bashkëpunimi i partnerëve për Shtejer është sinjal për mundësi për intensifikimin e marrëdhënieve me vendet e Ballkanit dhe me këtë të kontribuojë për integrimin e tyre evropian, ndërsa që për momentin akoma nuk janë pika të dukshme në hartën e Bashkimit Evropian.

## ДЕН НА ОСНОВАЊЕТО НА ЗЕЛС – 26 АПРИЛ. ЧЕСТИТ 51. РОДЕНДЕН

Оваа година, на 26 април 2023 година, ЗЕЛС го прослави својот 51. роденден. Во 1972 година на овој ден било одржано основачко собрание на кое била конституирана тогашната **Заедница на општините и градовите на Македонија (ЗОГМ)**. Иницијативата била на претседателите на собранијата на општините: Куманово, Кочани, Охрид, Скопје и Тетово. Претставници од 34 македонски општини ја дале својата согласност за основање, а потоа и за доброволно пристапување во Заедницата. Бил усвоен Статутот на Заедницата и биле донесени важни одлуки за начинот на нејзината работа. Со тоа, како што е запишано во архивските документи, „создадена е цврста платформа за најширока соработка на општините во Македонија“. Па така, во Статутот на ЗЕЛС, 26 април е утврден како **Ден на ЗЕЛС и Ден на општините**.

Роденденот на ЗЕЛС претставува и потсетување на целиот процес на градење децентрализиран систем во државата. Во периодот пред осамостојувањето на земјата, општините имале дури и државнички функции, потоа, по независноста на државата, настанува одреден „вакуум“ и се смета за најлош период за локалната власт, сè до периодот на повторно јакнење на децентрализацијата на власта во земјава, чија имплементација, официјално започна на 1 јули 2005 година. Во овој период, со својата сила и потенцијал ЗЕЛС дава голем придонес и има значајна улога во процесот на донесување нови законски решенија, во креирањето на структурата, функционирањето, надлежностите и финансирањето на локалната власт.

ЗЕЛС е посветена на создавање на систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните и прерасна во авторитативна, респектирана и моќна заедница. Мал е бројот на асоцијации што можат да се пофалат со ваква импозантна бројка на сопствено континуирано градење и развивање. Сега ЗЕЛС обединува 80 општини и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, и продолжува да ја остварува својата примарна функција, а тоа е да ги реализира сите оние барања што ги имаат единиците на локалната самоуправа и да ги застапува нивните интереси. ЗЕЛС ќе продолжи со лобирањето за реализирањето на започнатиот пакет на промени за развивање на системот на децентрализација во земјава, за обезбедување на силни и финансиски стабилни општини; општини што се подготвени да преземат нови надлежности и општини со добра организациска поставеност за обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните.

## DITA E THEMELIMIT TË BNJVL-SË – 26 PRILLI. GËZUAR DITËLINDJA E 51

Këtë vit, më 26 prill 2023, BNJVL kremtoi ditëlindjen e 51 Në vitin 1972 të largët u themelua Bashkësia e atëhershme e komunave dhe qyteteve të Maqedonisë (BKQM). Iniciativën e kanë ngritur kryetarët e kuvendeve të komunave: Kumanovë, Koçanë, Ohër, Shkup dhe Tetovë. Përfaqësuesit e 34 komunave të Maqedonisë kanë dhënë pajtueshmërinë e tyre për themelimin, ndërsa pastaj edhe për qasjen vullnetare në Bashkësi. U miratua Statuti i Bashkësisë dhe janë miratuar vendime të rëndësishme për mënyrën e punës së saj. Me këtë, siç është shënuar në dokumentet në arkiv, është krijuar një platformë e fuqishme për bashkëpunim më të gjërë të komunave në Maqedoni”. Në këtë mënyrë. 26 prilli në Statutin e BNJVL-së është përcaktuar si **,,Dita e BNJVL-së dhe Dita e komunave”**.

Ditëlindja e BNJVL-së paraqet edhe përkujtim të mbarë procesit të ndërtimit të sistemit të decentralizuar në vend. Në periudhën para pavarësisë së vendit, komunat kishin edhe funksione shtetërore, pastaj pas pavarësimit të shtetit u krijua një ,,vakum” dhe konsiderohet periudha më e keqe për pushtetin lokal, deri në periudhën e përforcimit të serishëm të decentralizimit të pushtetit në vend, implementimi i të cilit filloi zyrtarisht më 1 korrik 2005. Në këtë periudhë, me fuqinë dhe potencialin e saj, BNJVL jep një kontribut të madh dhe ka rol të rëndësishëm në procesin e miratimit të zgjidhjeve të reja ligjore, në krijimin e strukturës, funksionimit, kompetencave dhe financimit të pushtetit lokal.

BNJVL është e përkushtuar në krijimin e një sistemi të vetëqeverisjes lokale sipas masës së qytetarëve dhe është zhvilluar në një bashkësi autoritative, të respektuar dhe të fuqishme. Numri i shoqatave që mund të mburren me një numër kaq mbresëlënës të ndërtimit dhe zhvillimit të tyre të vazhdueshëm është i vogël. Tani BNJVL bashkon 80 komuna dhe qytetin e Shkupit, si njësi e veçantë e vetëqeverisjes lokale dhe vazhdon ta përmbushë funksionin e saj parësor, që është realizimi i të gjitha kërkesave që kanë njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe përfaqësimi i interesave të tyre. BNJVL do të vazhdojë të lobojë për realizimin e pakos së filluar të ndryshimeve për zhvillimin e sistemit të decentralizimit në vend, për të siguruar komuna financiarisht të ffuqishme dhe të qëndrueshme; komunat që janë të gatshme të marrin përgjegjësi të reja dhe komuna me një strukturë të mirë organizative për ofrimin e shërbimeve cilësore për qytetarët.

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СОРАБОТКА НА ОПШТИНИТЕ ОД НАШАТА ЗЕМЈА СО ОПШТИНИ ОД СЕВЕРНА РАЈНА-ВЕСТФАЛИЈА, ОД ЗАПАДНА ГЕРМАНИЈА

На 28 април 2023 година, ЗЕЛС беше домаќин на претставници од Сојузното министерство за економска соработка и развој (БМЗ) на Германија, германската сојузна покраина Северна Рајна-Вестфалија, од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и од Агенцијата за услужни заедници во еден свет (SKEW). На оваа средба присуствуваа претставници од ЗЕЛС, како и градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски, а беа поканети и претставници од општините Тетово и Битола ??? Целта на оваа средба, иницирана од страна на гостите, беше поттикнување на вмрежување, односно збратимување и воспоставување на понатамошна соработка на општините од нашата земја со општини од Северна Рајна-Вестфалија, од Западна Германија, која е синоним за индустриски развиена област. На настанот беше посочено дека во февруари 2021 година, официјално е потпишана Заедничка декларација за соработка меѓу Република Северна Македонија и Северна Рајна-Вестфалија.

На средбата беа изнесени искуствата на досегашната соработка, како и можностите за идна соработка меѓу општините. Беше истакнато дека во рамките на оваа соработка, во 2022 година, Германското друштво за меѓународна соработка во Северна Македонија (ГИЗ), во име на Сојузното министерство за економска соработка и развој (БМЗ) и Државната канцеларија на Северна Рајна-Вестфалија (СРВ), спровела програма за професионална квалификација на млади професионалци од Северна Македонија. Имено 30-тина млади биле вклучени во програма за обука и практично искуство во Германија. Програмата обезбедува квалификација за студенти, дипломирани студенти и млади професионалци во една од следниве области: циркуларна економија и рециклирање, архитектура и енергетски ефикасна градба, деловна администрација, дигитализација и ИТ, снабдување со енергија и обновливи енергии, управување со животната средина и зелена економија, машинство, урбанистичко планирање, третман

# INICIATIVË PËR BINJAKËZIM DHE BASHKËPUNIM TË KOMUNAVE NGA VENDI JONË ME VENDET NGA RAJNA-VESTFALIA VERIORE, NGA GJERMANIA PERËNDIMORE

Më 28 prill, 2023, BNJVL ishte nikoqir i përfaqësuesve nga Ministria Federale për bashkëpunim dhe zhvillim (BMZ) të Gjermanisë, krahina federale e Rajnës-Vestfalisë Veriore, nga Shoqëria Gjermane për bashkëpunim ndërkombëtar (GIZ) dhe nga Agjencia për bashkësi shërbyese në një botë (SKEW). Në takim morri pjesë kryetari i komunës së Berovës, Zvonko Pekevski, përfaqësuesit e komunave: Manastir, Tetovë, Qendër dhe Çair, si dhe përfaqësuesit e BNJVL-së. Takimi u iniciua nga ana e mysafirëve, ndërsa qëllimi ishte nxitja e rrjetëzimit, respektivisht binjakëzimi dhe themelimi i bashkëpunimit të mëtejmë të komunave nga vendi jonë me komunat nga Rajna-Vestfalia Veriore, nga Gjermania Perëndimore, që është sinonim për fushë të zhvilluar industriale. Në ngjarje u përmend se në shkurt 2021, zyrtarisht u firmos Deklarata e përbashkët për bashkëpunim midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Rajnës-Vestfalisë Veriore.

Në takim u paraqitën përvojat e bashkëpunimit të deritanishëm, si dhe mundësitë për bashkëpunim të ardhshëm midis komunave. U përmend se në kuadër të bashkëpunimit, në vitin 2022, Shoqëria Gjermane për bashkëpunim në Maqedoninë e Veriut (GIZ), në emër të Ministrisë Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ) dhe Zyra shtetërore e Rajnës-Vestfalisë Veriore (RVV), kanë zbatuar program për kualifikim profesional të të rinjve nga Maqedonia e Veriut. Emërisht, 30 të rinj të përfshirë në programin për trajnim dhe përvojë praktike në Gjermani. Programi ofron një kualifikim për studentët, të diplomuarit dhe profesionistët e rinj në një nga fushat e mëposhtme: ekonomi qarkore dhe riciklim, arkitekturë dhe ndërtime me efikasitet energjetik, administrim biznesi, digjitalizim dhe IT, furnizim me energji dhe energji të rinovueshme, menaxhim mjedisor dhe ekonomi të gjelbër, inxhinieri mekanike, urbanistikë, trajtimi i ujit dhe ujërave të zeza dhe ekonomia. Të gjitha këto fusha janë





на вода и отпадни води и економија. Сите овие области се релевантни од аспект на обезбедување на општински услуги. Дополнително, се реализираат и проекти во доменот на културата, но се смета дека идниот фокус треба да биде на збратимување на општини од Северна Рајна-Вестфалија и Република Северна Македонија, бидејќи во моментов нема активни збратимени градови. Проценувајќи дека во оваа покраина живеат од 60 000 до 70 000 жители со потекло од Северна Македонија, се смета дека овие врски кои веќе постојат треба да се искористат во насока на унапредување на соработката меѓу општините од СРВ и Северна Македонија, а сè со цел овозможување напредок во сите области.

**Општините прво ќе добијат формулар за изразување на интерес, а конкретните активности на збратимување се очекува да започнат од 2024 година**

Во оваа насока, Агенцијата за услужни заедници во еден свет - Service Agency Communities in One World (SKEW), која дејствува кон овозможување на општински партнерства меѓу општините од Германија и општини во светот и овозможува размена на искуства и заедничко делување во насока на изнаоѓање на локални решенија за заедничките прашања, со поддршка на БМЗ и германската сојузна покраина Северна Рајна-Вестфалија, во периодот што претстои ќе ги зајакне своите напори за воспоставување на збратимувања на општините. Во оваа насока, ЗЕЛС во соработка со SKEW ќе дистрибуира до сите општини од нашата земја формулар за изразување на интерес за соработка со општини од Северна Рајна-Вестфалија. Конкретните активности за збратимување на општините и воспоставување на соработка се очекува да започнат од следната 2024 година.

relevante nga aspekti i ofrimit të shërbimeve komunale. Po ashtu, janë duke u realizuar projekte në fushën e kulturës, por konsiderohet se fokusi në të ardhmen duhet të jetë në binjakëzimin e komunave nga Rajna-Vestfalia Veriore dhe Republika e Maqedonisë së Veriut, pasi që aktualisht nuk ka qytete aktive të binjakëzimit. Duke vlerësuar se në këtë krahinë jetojnë 60,000 deri në 70,000 banorë me origjinë nga Maqedonia e Veriut, konsiderohet se këto lidhje që ekzistojnë tashmë duhet të shfrytëzohen në drejtim të promovimit të bashkëpunimit ndërmjet komunave të RVV dhe Maqedonisë së Veriut, të gjitha me synimin për të mundësuar përparim në të gjitha zonat.

**Komunat fillimisht do të marrin formular për shprehjen e interesimit, ndërsa aktivitetet konkrete të binjakëzimit pritet të fillojnë nga viti 2024**

Në këtë drejtim, Agjencia për bashkësi shërbyese në një botë - Service Agency Communities in One World (SKEW), e cila vepron drejt mundësimit të partneriteteve midis komunave nga Gjermania dhe komunat në botë dhe mundëson shkëmbimin e përvojave dhe të vepruarit të përbashkët në drejtim të gjetjes së zgjidhjeve lokale në çështjet e përbashkëta, me përkrahjen e BMZ dhe krahinës së Rajnës-Vestfalisë Veriore, në periudhën e ardhshme do të përforcojë përpjekjet për themelimin e binjakëzimit të komunave. në këtë drejtim, BNJVL në bashkëpunim me SKEW do të distribuojë deri te të gjitha komunat nga vendi jonë formular për shfaqjen e interesit për bashkëpunim me komunat nga Rajna-Vestfalia Veriore. Aktivitetet konkrete për binjakëzim të komunave dhe themelimi i bashkëpunimit pritet të fillojnë nga viti i ardhshëm 2024.

## ЗЕЛС И ГРАД СКОПЈЕ ЗАПОЧНУВААТ АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ, ПОВРЗАНИ СО КОНТРОЛА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОЏАЦИТЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА

ЗЕЛС и Град Скопје започнуваат активности за подобрување на квалитетот на воздухот во општините во нашата земја, поврзани со контрола и одржување на оџаците на домаќинствата. Овие активности се планира да се спроведат во следните две години, во рамките на проектот „Експертски фонд за општински партнерства ширум светот“ имплементиран од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и Агенцијата за услужни заедници во еден свет (SKEW), а финансиран од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ). Утврдено е дека во моментов во земјава има недостаток на законска регулатива од оваа област и недостаток на лиценцирани оџачари кои оваа дејност треба да ја извршуваат во согласност со утврдени стандарди. Несоодветниот начин на согорување на огревно-

## AKTIVITETET PËR PËRMIRËSIMIN E CILËSISË SË AJRIT, LIDHUR ME KONTROLLIN DHE MIRËMBAJTJEN E OXHAKËVE TË AMVISËRIVE

BNJVL dhe Qyteti i Shkupit fillojnë aktivitetet për përmirësimin e cilësisë së ajrit në komunat në vendin tonë, lidhur me kontrollin dhe mirëmbajtjen e oxhakëve në amvisëritë. Këto aktivitete planifikohen të zbatohen në dy vitet e ardhshme në kuadër të projektit ,,Fondi i ekspertëve për partneritete në mbarë botën" të implementuar nga Shoqëria Gjermane për bashkëpunim ndërkombëtar (GIZ) dhe Agjencia për bashkësitë shërbyese në një botë (SKEW), ndërsa është financuar nga Ministria Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ). U përcaktua se për momentin në vend ka mungesë të rregullativës ligjore nga lëmia në fjalë dhe mungesë të oxhakpastruesve të licencuar të cilët këtë veprimtari duhet t'a kryejnë konform standardeve të përcaktuara. Mënyra joadekuate e djegies së drurit për ngrohje dhe mënyra joadekuate e

то дрво и несоодветниот начинот на негово чување, употребата на стари и технички неисправни печки, како и нередовното одржување на оџаците претставуваат дополнителна причина за емисија на ПМ-10 честички и ПМ-2,5 и загадување на амбиенталниот воздух во нашата земја. Во таа насока, во следната фаза, ЗЕЛС и Град Скопје, со поддршка на експерт за животна средина, ќе спроведат одредени активности:

-поднесување на иницијатива за донесување на нов закон за оџачарски работи и застапување со цел негово донесување, во соработка со Министерството за животна средина и Министерството за транспорт и врски;

-зајакнување на капацитетите на општините за креирање на локални политики за подобрување на квалитетот на воздухот преку конкретни мерки за редовно чистење и одржување на оџаците;

-промовирање на позитивните искуства на Град Скопје во врска со обезбедувањето на обуки за оџачари и чистење на оџаците, со другите општини;

-зголемување на јавната свест за потребата и неопходноста од редовно чистење на оџаците со цел намалување на емисија на ПМ-10 честички и спречување на потенцијални пожари;

-зајакнување и подобрување на програмите за идни оџачари, кои во моментов се обезбедуваат преку институциите за учење на возрасни и СГГУГС „Здравко Цветковски“.

ruajtjes së tij, përdorimi i sobave të vjetra dhe të prishura, si dhe mirëmbajtja e oxhakëve paraqesin arsye plotësuese për emisionin e grimcave PM-10 dhe PM-2,5 dhe ndotja e ajrit ambiental në vendin tonë. Në këtë drejtim, në fazën e ardhshme, BNJVL dhe Qytet i Shkupit me përkrahjen e ekspertëve për mjedis jetësor, do të zbatojnë aktivitete të caktuara.:

-paraqitja e iniciativës për miratimin e ligjit të ri për punimet e oxhakut dhe përfaqësimi me qëllim miratimin e tij, në bashkëpunim me Ministrinë e mjedisit jetësor dhe Ministrinë për transport dhe lidhje;

-përforcimi i kapaciteteve të komunave për të krijuar politika lokale për përmirësimin e cilësisë së ajrit përmes masave konkrete për pastrimin dhe mirëmbajtjen e rregullt të oxhaqeve;

- promovimin e përvojave pozitive të Qytetit të Shkupit në lidhje me ofrimin e trajnimeve për pastrimin e oxhaqeve dhe të oxhakpastruesve, me komunat tjera;

- rritja e ndërgjegjësimit të publikut për nevojën dhe domosdoshmërinë e pastrimit të rregullt të oxhaqeve për të reduktuar emetimin e grimcave PM-10 dhe për të parandaluar zjarret e mundshme;

-përforcimi dhe përmirësimi i programeve për pastrimin e oxhakut të ardhshëm, të cilat aktualisht ofrohen përmes institucioneve për mësimin e të rriturve dhe të SHMNGJ ,,Zdravko Cvetkovski".












**Постигнати позитивни резултати од претходната фаза на проектот „Оџачари за чисти печки и чист воздух во Скопје“**

Новата фаза на проектот се надоврзува на искуствата и резултатите постигнати во рамките на проектот „Оџачари за чисти печки и чист воздух во Скопје“ што беше реализиран во изминатиот период меѓу збратимените градови, Нирнберг и Скопје, а финансиран од Сојузното министерство за економска соработка и развој (БМЗ). Целта на овој проект беше подобрување на состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух во Скопје преку намалување на емисиите од приватните домаќинства, каде што голема улога има редовното чистење и одржување на оџаците на домаќинствата, како и промовирање на значењето на професијата оџачар за заштитата на здравјето на граѓаните и заштита на воздухот. Во рамките на проектот меѓу збратимените градови, Нирнберг и Скопје биле постигнати значајни резултати, односно :

-била обезбедена обука за 7 оџачари, вклучувајќи и зајакнување на нивните капацитети преку соработка со искусни оџачари од Германија;

- била набавена основна техничка опрема за оџачарите, како и на СГГУГС „Здравко Цветковски“ во Скопје;

- биле исчистени 50 оџаци во населба Лисиче, Општина Аеродром;

- била изработена софтвер-апликација наменета за оџачарите, со цел собирање на податоци за состојбите со печките и оџаците во Скопје и следење на нивното натамошно одржување, која може да се користи и на територија на целата држава;

- била спроведена кампања за правилно користење на печките и согорување на дрвото како огревно средство и кампања за возобновување и промовирање на професијата оџачар, со цел да се привлечат нови лица за обука;

- бил изработен нацрт-закон за оџачарски работи во соработка меѓу германски и македонски правни експерти.

**U arritën rezultate pozitive nga faza paraprake e projektit ,,Oxhakpastruesit për soba të pastra dhe ajër të pastër në Shkup”**

Faza e re e projektit bazohet në përvojat dhe rezultatet e arritura në kuadër të projektit ,,Oxhakpastrues për soba të pastra dhe ajër të pastër në Shkup", i cili u zbatua në periudhën e kaluar ndërmjet qyteteve të binjakëzuara, Nurembergut dhe Shkupit dhe financuar nga Ministria Federale për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim (BMZ). Qëllimi i këtij projekti ishte përmirësimi i gjendjes me cilësinë e ajrit të ambientit në Shkup duke reduktuar emetimet nga amvisëritë private, ku pastrimi dhe mirëmbajtja e rregullt e oxhaqeve shtëpiake luan një rol të madh, si dhe promovimi i rëndësisë së profesionit oxhakpastrues profesioni për mbrojtjen e shëndetit të qytetarëve dhe mbrojtjen e ajrit. Në kuadër të projektit ndërmjet qyteteve të binjakëzuara, Nurembergut dhe Shkupit, u arritën rezultate domethënëse, përkatësisht:

-u ofrua trajnim për 7 oxhakpastrues, duke përfshirë përforcimin e kapaciteteve të tyre përmes bashkëpunimit me oxhakpastruesit me përvojë nga Gjermania;

- është blerë pajisje teknike bazë për oxhakpastruesit, si dhe për SHMNGJ ,,Zdravko Cvetkovski" në Shkup;

- Janë pastruar 50 oxhaqe në vendbanimin Lisiçe, Komuna e Aerodromit;

- është zhvilluar një softuer-aplikacion dedikuar oxhakpastruesve, me qëllim të mbledhjes së të dhënave për gjendjen e sobave dhe oxhaqeve në Shkup dhe monitorimin e mirëmbajtjes së tyre të mëtutjeshme, të cilat mund të përdoren në mbarë vendin;

- është zbatuar fushatë për shfrytëzim të drejtë të sobave dhe djegies së drurit si mjet për ngrohje dhe fushata për rinovimi dhe promovimi i profesionit të oxhakpastruesit, për të tërhequr njerëz të ri për trajnim;

- është hartuar projekt-ligj për punë të oxhakpastruesit në bashkëpunim midis ekspertëve juridikë gjermanë dhe maqedonas.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk